## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Третото продолжение на Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 октомври 2008 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по 24-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски, Ристо Пенов, Горан Мисовски, Јани Макрадули, Радмила Шеќеринска, Славица Грковска Лошкова, Сулејман Рушити, Али Ахмети, Фазли Валиу, Зумрете Јакупи, Фиат Цаноски и Томе Даневски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продложуваме по точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 21 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, Недим Рамизи,повелете.

**Недим Рамизи:** Амандамнот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата, преминуваме на гласање.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 62 пратеници.

Вкупно гласаа 57 пратеници, од нив за амандманот гласаа 9 пратениц, воздржани нема, против гласаа 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 21, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 23, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, Недим Рамизи.

**Недим Рамизи**: Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 26, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, Недим Рамизи.

**Недим Рамизи**: Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска**: Благодарам претседателе.

Нашиот предлог кој е содржан во овој амандман се однесува за намерата на оваа Влада Бирото за јавни набавки да подготвува и спроведува едукација за јавни набавки. Ние навистина направивме обид да добиеме од Владата јасен и прецизен одговор која е замислата. Значи, на нивниот предлог да се спроведува едукација за јавни набавки, претпоставувам на сите заинтересирани кои ќе сакаат да членуваат во разно разни комисии што ќе ги спроведуваат јавните набавки кај сите договорни органи. Ставот 2 вели, цитирам: " Учесниците во едукацијата сами ќе си плаќаат надомест кој се користи за покривање на трошоците за организирање на едукациите. И многу е јасно, станува збор за уште едно оптеретување на граните на Република Македонија, или на веќе чениот проект на ВМРО ДПМНЕ, лиценца за се. Ама со лиценците на ВМРО ДПМНЕ нешто слабо им оди. Долго дебатиравме со господнот министер Славески кога направи обид во еден патриотски вознес, секој фискален апарат да ги дели патриотските сметки од непатриотските. Но тоа секој граѓанин што има од најмало дуќанче, па и до големите компани ги чинеше по 7.200 денари на секоја фискална каса. И тие пари беа собрани во буџетот на Република Македонија.

Уставниот суд таквата одредба ја прогласи за против уставна. И никако не добивме одговор, што ќе се случи сега, дали министерот за финансии ќе им ги врати тие пари на оние што ги дале, или пак ќе ги задолжи дополнително со нови

7.200 денари за да може фискалните каси да ги врати на почеток кога не ги делеа на патриотски и непатриотски сметките. И така изгледаат проектите во поглед на лиценцата. И тука доаѓа сега лиценца за продажба на алкохол, сега претпоставувам дека и овие комуналните редари што ќе треба да го спроведуваат Законот за чистота, ќе измислите лиценца за комунални редари и нивна обука. Така што влегуваме во еден период кога апсолутно превисокиот буџет на Република Македонија да се полни само од џебот на граѓаните. Ама ова е веќе претерано, бидејќи како шти одат работите, вие на секои 6 месеци го менувате Законот за јавни набавки онака како што имате потреба.

Господине заменик министер, што ќе се случи ако се променат определен број на одредби во овој закон? Нема да важат повеќе потврдите што ќе им ги дадете на овие учесниците во едукацијата, или наново ќе им организирате нов едукационен циклус со нови средства од нивниот џеб за кои ќе добијат претпоставувам нови потврди и до кога тоа ќе трае? Каде е границата? Затоа сметаме дека овој обид, претпоставувам бидејќи господинот Славески е имагинативен човек. Тој и еден спот “добра фризура” го замисли, го изрежира. Да се повлечете од ова. Се знае дека членовите на секоја комисија за јавни набавки се должни да ги знаат одредбите на Законот за јавни набавки, да ги следат сите измени во тој закон, за да можат да партиципираат во работата на комисијита. Ова како што сте го замислиле, претпоставувам дека ќе биде уште еден неуспешен проект да си го полните буџетот. Се ближат два изборни циклуса локалните и претседателските. По мене буквално само таа логика ја има. Значи, со оглед на тоа што во членот 26 предвидувате сепак едукацијата да започне од први јануари 2010 година. Сметаме дека треба да се повлечете од вашата позната идеја да лиценцирате буквално се и сешто . Бидејќи ако и ова ви помине, не знам до каде ќе може Владата бидејќи работи по 15 часови транспарентно. На собранискиот канал против сите закони, јас навистина ќе барам одговор од претседателот на Советот на собранискиот канал, господинот Рафиз Алити, да видам кој им дозволи вчера на Владата 15 часови да го узурпираат просторот од собранискиот канал, бидејќи таму децидно стои: на тој канал може да бидат пренесувани само активности на Собранието на Република Македонија. Ама претпоставувам дека тоа беше одговорот на Никола Груевски кој до четвртокот го немаше ни под дрво ни под камен да дојде и да елаборира околу Резолуцијата за признавање на Косово. Па сега во обид да докаже дека тука е, работи сериозно 15- тина часови. Јавноста во Република Македонија биде дека премиерот се занимава со се и сешто, ама за најважните и клучните државни интереси него го нема. Така што претпоставувам дека и на седницата за 21 октомври кога ќе разговараме за резолуција околу уставното име, него повторно ќе го нема. На 23 октомври ќе го гледаме на партиската прослава на државниот празник. Некаде на 24, 25 живи били, 15-тина часови господинот Груевски транспарентно ќе говори, ќе дава отчет за неговата работа.

**Трајко Вељаноски:** Ја имате погрешено темата. Овде се зборува по амандманот.

**Весна Бендевска:** Се е во врска со овој амандман.

Како што елаборирав, станува збор за класична пропаганда. Во законските одредби во овој закон повторно финансискиот товар ќе падне на граѓаните на Република Македонија. И затоа вреди и да дебатираме и вреди да побараме подршка од колегите од владеачкото мнозинство, да направиме обид ваквата идеја на господинот Славески барем еднаш да не помине. Сериозно мислев дека денес, ако е веќе вратен од странство каде што прави обид да ја спаси светската глобалната финансиска криза, дека и во Република Македонија вреди да дојде и да даде отчет за неговите замисли, односно како Славески го замислува да ја уреди со закон областа за јавните набавки. Бидејќи добив убедување дека не станува збор за 200 милиони евра, туку за цели 340 милиони евра буџетски средства кои се трошат во областа на јавните набавки. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Веројатно господинот Љубисав Иванов Ѕинго е за реплика.

Повелете, реплика има господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Почитуван претседателе, ве молам да ја пратите дискусијата во Собранието и да реагирате. Ние не можеме да расправаме како Собрание за уставно име. Можеме да расправаме за предлозите на Нимиц. И многу е важно ова, веројатно и се испушти на колешката тоа што го кажа дека ќе расправаме за уставно име. За уставно име не може да се расправа.

**Трајко Вељаноски:** Веројатно ова процедурално да го сметаме. Јас ја опоменав колешката во однос на нејзиниот говор што е по амандманот да се задржи на темата на самиот амандман. Јас досега не сум исклучил ниеден пратеник. Но, веројатн о можеби понатаму би требало тоа да го применам. Сепак, секој кога добива збор треба да зборува согласно Деловникот по прашањата за кои што има побарано збор. Не беше реплика пријавена, беше за процедурално.

Процедурално не може да побарате. Немаше реплика од негова страна за да има контра реплика.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По амандманот вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за амандманот гласаа 10 пратеници, воздржани нема, против гласаа 52 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 26, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Реагирам процедурално на вашето однесување и барам да ми објасните дали последниот говорник господинот Љубисав Иванов-Ѕинго беше пријавен за збор, или реплика.

**Трајко Вељаноски:** Тој беше како што кажав пријавен процедурално и неговата реакција беше во однос на процедурата.

**Цветанка Иванова:** Дали има право тој за процедурално.

**Трајко Вељаноски:** Мене ме прашувате, уште не добивате одговор, вие коментирате. Точно е дека имаше погрешно притиснато копче а тоа го имате правено и вие и другите пратеници, да не се надмудруваме за тоа. Неговото пријавување беше за процедурално и беше упатена критика до мене, така јас сватив. Јас одговорив на таа критика и затоа не може да има контра реплика кога немало реплика.

**Иванова Цветанка:** Господине претседателе ако го погледнете стенограмот ќе видите дека вие кажавте дека господинот Љубисав Иванов-Ѕинго се јавува за реплика. Затоа ве молам да следите и да не коментирате.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, истото копче е и за реплика и за процедурално и тој објасни дека е за процедурално.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се имаат пријавено тројца пратеници и тоа господинот Чинговски Томе, господинот Сугарески Горан, госпоѓата Бендевска Весна.

Има збор господинот Чинговски Томе, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе.

По расправата за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки мислам дека доста се разјаснија некои работи околу намерите на актуелната власт, односно на предлагачот на овие измени. Тоа што поголемиот број од амандманите беа одбиени, значи дека не може да се подобри текстот на законот и ќе внесе поголем ред во сферата на спроведување на јавни набавки, јасно укажува дека власта со носењето на еден ваков закон има поинаква цел. Целта не е зголемување на транспарентноста на постапката и сигурно не е намалување на можноста од злоупотреба на државните средства. Целта е да се задоволат одредени тесни интереси, дали лични, дали партиски, тоа е сеедно. Моите колеги од опозицијата дадоа силни аргументи околу штетноста на одредени одредби и ги поткрепија со примери кои ги гледавме во изминатиов период. Покрај критиките за понудените решенија дадовме и повеќе предлози, но предлагачот не покажа спремност да ги прифати, а пратениците од парламентарното мнозинство не покажаа никаков интерес да се вклучат во расправата за еден ваков суштински закон.

Јасно е дека многу закони се носат според моменталните потреби на власта во определен период. Затоа и не е чудо што толку често се прават разно-разни измени. Проблемот и во случајот со овој закон за кој што расправавме е што измените што се прават нема суштински да ја подобрат состојбата, туку ќе внесат нови можности за злоупотреба. Со ваков закон на јавни набавки се гледа дека вистинскиот однос на оваа Влада кон борбата со корупцијата, со ваков закон наместо да се спречи корупцијата кај јавните набавки односно кај трошењето на парите од државниот буџет, власта отворено го стимулира таквиот вид корупција. Ваквите работи се најдобар доказ колку и како оваа Влада се бори со корупцијата. Од една страна, се прават апсења, притворања и спектакли за јавноста за суми од 5 до 10 евра, а таму каде што се работи за милиони евра и тоа пари собрани од граѓаните на Република Македонија, јасно нема поим што се случува, колку и како се трошат. Како што тргнале работите така ќе биде уште долго време, а со предложените измени проблематичните и спорни набавки само ќе се множат, некој уште долго ќе извлекува ќар од таквите законски решенија, ама штетата ќе ја плаќаме сите ние. Затоа власта бега од било каква контрола во оваа сфера. Наместо Бирото за јавни набавки да стане вистински независен орган вие го претворивте во некаков едукатив центар што ќе издава некакви чудни потврди, за кои предлагачот не се ни потруди прецизно да објасни кому и за што ќе служат, ќе значат дополнителни давачки што власта ги воведува со скоро секој нов закон што поминува во Собранието и нормално, кога сака Бирото за јавни набавки што Владата директно ќе го контролира, го одбивте и предлогот директорот на Бирото да се избира во Собранието. Тоа ќе беше една вистинска реформа, ќе беше вистински чекор за поголема контрола, а вака цело време гледаме шминкање наместо реформи, така и во овој случај. Затоа се сомнителни многу од предложените одредби. Тоа се однесува и во делот на договарање одредени услуги до 20 илјади евра без јавен повик, односно делот на набавки кој нема да подлежи под одредбите на Законот за јавни набавки. Тоа се однесува и на одредбите кои предвидуваат постапка со преговарање без претходно објавување на оглас. Ништо помалку спорно и кратувањето на времето за поднесување тендерска документација од 52

на 20 дена. Сите овие работи стануваат уште посомнителни ако се има предвид и барањето на Министерството за финансии да се одложи за девет месеци формирањето на Државната комисија. За среќа, овој амандман беше прифатен.

Јасно е дека овие измени ќе поминат во Собранието, за некој месец можеби ќе добиеме и предлог за нови измени, но во меѓувреме и понатаму во функција ќе имаме еден ваков крајно лош закон за јавни набавки, лош за граѓаните, добар за фирмите блиски на власта и за тесен круг луѓе кои имаат огромна материјална корист. Со ваков закон трошењето на буџетски пари не е сива туку црна зона. Со ваков закон и во иднина ќе се склучуваат тајни договори за увоз на струја кои повлекуваат милионски суми без никаква контрола, и понатаму ќе ги гледаме бескрајните рекламни кампањи на Владата, а никој, ни премиерот, ни министрите нема да осетат обврска да одговорат колку народни пари се потрошија за такви намени.

Понатаму, со ваквите штетни закони се остава простор за пак да се повторат корупциските скандали како продажбата на ТЕЦ Неготино, или пак да се спроведат сомнителни тендери како набавката на “Компјутер за секое дете” кој исто доби скандалозни размери и како и за многу други проекти на актуелната власт. Никој нема да биде одговорен или да даде објаснување. ВМРО-ДПМНЕ ќе си продолжи да си тера по свое. Парите ќе се слеваат во џебовите на истакнати партиски војници. Најголемиот буџет што Македонија го имала безмилосно ќе се троши без усул, а народот ќе осиромашува. Затоа граѓаните требаат да знаат дека овој закон односно овие измени не се носат во нивни интерес. Премиерот може ако сака и цел ден да глуми седница на Владата заедно со министрите на Собраниски канал, ама ваквите закони се факт. А тој факт вели дека со постапките на оваа Влада државниот интерес и интересот на народот не се земаат предвид. Важно е само богатењето на поединци во врвот на власта. Важно е што повеќе буџетски пари тајно и нетраспарентно да се слеваат во приватни раце. Според логиката на Владата и ВМРО-ДПМНЕ, граѓаните само треба да го полнат буџетот и да немаат никаков увид и контрола во начинот на трошење на тие средства. Со ваквите закони се става во законска рамка незаконското трошење на пари од државата. тоа е систем на државна корупција на највисоко ниво. Се додека не оди човек, кој едно мисли, друго зборува, а трето прави, а нешто четврто ни порачува преку скапи реклами, таквата корупција ќе цвета, а државата и народот ќе тапкаат во место. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал господинот Чинговски да го потсетам во времето кога беше шеф на градоначалникот Петрески во Охрид како тие работеа со тендерите, за да има македонската јавност увид во тоа дали централната власт или локалната власт и дали партијата ВМРО-ДПМНЕ или премиерот Никола Груевски злоупотребуваат и прават одредени пропусти во донесувањето на законите, како би можела одредена политичка власт да има одредена имотна корист, јас само ќе кажам господине претседателе дека ова е отворен повик со постапка од локалната самоуправа во Охрид. На сите оние што се од СДСМ ќе им го понудам да го видат овој повик во кој повик во точка 10 има свесно кршење на она што се нарекува Закон за јавни набавки. Во членот 10 вели: краен рок и место за поднесувањето на понудите - крајниот рок за поднесувањето на понудите е празна црта господине претседателе во 2008 година, а вели во, потоа следи празна црта, 00,00 часот.

Господа од СДСМ, на овој начин вршите злоупотреба на она што се нарекува Закон за јавни набавки на овој начин го крадете народот кој што некогаш ви дал доверба, па било на локално, било на централно ниво кога ја имавте довербата.

Вие сте многу добро упатени со Законот за јавни набавки и многу добро ги познавате, знаете како и на кој начин можете да манипулирате, но ќе ви кажам дека ова веќе не се манипулации кои наоѓаат празнина или вакуум во правниот простор за она што се нарекува Закон за јавни набавки, ова е веќе свесно кршење на Законот за јавни набавки. Зарем не е срамота да се повикувате и да зборувате како ВМРО-ДПМНЕ прави вака, прави така, кога еве со докази, можам да го умножам и да ви го доставам, можете да видите дека вие сте луѓе кои се занимаваа со криминал.

**Трајко Вељаноски:** Колега Грозданов, апел до вас и до другите да зборувате по самиот закон и реpликата да биде по него.

**Цветко Грозданов:** Ова беше реплика господине претседателе во однос на излагањето на господинот Чинговски околу Законот за јавни набавки. Јас кажувам дека злоупотребата ја врши СДСМ и дека на овој начин на кој се донесува овој закон ќе се намали можноста за злоупотреба на Законот за јавни набавки. Овде веќе е свесно кршење на законот и некој треба кривично да одговара. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално се јави господинот Николов Марјанчо, а за контра реплика е пријавен господин Чинговски Томе.

Прво процедурално има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Процедуралната забелешка е до вас. Колегата Цветко Грозданов зборуваше за луѓе кои прво не се присутни во Собранието на Република Македонија, неговата реплика се однесуваше за

нешто што не го кажа колегата Томе Чинговски, што значи по Деловник реплика се јава доколку некој од пратениците има да дополни или да исправи нешто. Тој сега ни зборуваше за некаков тендер за градоначалникот на Охрид. Ние овде не сме ниту истражен орган, не сме ниту суд, не сме ниту казнена институција. Ние сме Собрание на Република Македонија и ве молам да не му дозволувате вакви упади. Ако сака тој да си тера локална кампања, нека си организира трибина во Охрид и нека им објаснува на граѓаните.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Од моја страна беше укажано не само кон господинот Грозданов, туку кон сите пратеници. Кон сите пратеници имаше упатено апел. Ве молам за тишина. Од моја страна беше упатен апел до сите пратеници да говорат по темата, но буквално сите пратеници излегоа надвор од темата и зборуваа за работи кои не се сврзани со Законот за јавни набавки. Имаше реакции од моја страна за сите пратеници вклучувајќи и за Цветко Грозданов и за Томе Чинговски и за вас и за други пратеници, кои зборувавте надвор од прашањата за кои се расправа.

Томе Чинговски има контра реплика, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе.

На мојот ценет колега морам да му одговорам. Веројатно ја започна многу порано кампањата за кандидат за градоначалник на општина Охрид и како кандидат морам да го потсетам дека шеф на градоначалникот не постои, постои шеф на Кабинет на градоначалникот и јас ја обавував таа функција две и пол години.

Што се однесува до тендерите кои беа во тој период распишани, тоа е на располагање, јас сум подготвен да дискутираме во секој момент.

Меѓутоа, морам да ве потсетам на случајот ТЕЦ Неготино, за кој расправаше и Стејтдепартментот и одржа прес конференција, па затоа немојте да зборувате овде за некои ваши намери и слично. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Сугарески Горан, повелете.

**Горан Сугарески:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Би сакал да ги дадам своите забелешки по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки и најпрво би почнал со членот 4 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки, каде што се предвидува промена на статутот на Бирото за јавни набавки, односно Бирото се стекнува со статус на правно лице во рамките на Министерството за финансии. Ваквата промена на статусот на Бирото за јавни набавки се оправдува со очекувањата од зголемена ефикасност од аспект од извршување на неговите надлежности и притоа се предвидува период кој ќе биде потребен за подготовка за премин кон тој статус.

За жал, со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки Бирото за јавни набавки не се стекнува со неопходната и нужна независност од причини што останува да функционира како правно лице во рамките на Министерството за финансии. Како и постојното решение, така и решението кое се нуди со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки, не се нуди можност за формирање независно тело за јавни набавки со својство на правно лице кое својата независност, според мое мислење би ја стекнувало доколку би било формирано од Владата на Република Македонија, конкретно директорот на ова независно тело да го избира Владата на Република Македонија по претходно строго определен конкурс, а не како сега на предлог на министерот за финансии, или пак од Собранието пред кое ќе поднесува извештај и Собранието да го избира овој директор.

Мислам дека ова е еден од можните начини ова тело за јавни набавки да се ослободи од притисокот кој би го имал од извршната власт. Тогаш ќе може сосема независно да одлучува за состојбите за јавните набавки и имплементацијата на буџетот во делот на јавните набавки би била без влијание на извршната власт.

Понатаму, во членот 6 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки се додава нов член 14, со кој се предвидува Бирото за јавни набавки да подготви и спроведе сеопфатна национална програма за едукација на јавните набавки. Притоа како целна група тука се посочуваат стручните служби на договорните органи кои треба да обезбедат логистичка поддршка на комисиите за јавни набавки.

Овде мора да се потенцира фактот дека истите овие стручни служби кои обезбедуваат логистичка поддршка на комисиите за јавни набавки третираат во пракса проблематика од областа на јавните набавки и се едуцираат за јавните набавки од 1998 година.

Она што сакам да го забележам е тоа дека едукацијата треба да биде насочена кон членовите на Комисијата за јавни набавки, што во конкретниов случај би преставувала обемна работа од причини што со овој закон Комисијата за јавни набавки би била избрана од луѓе кои не би биле блиски на власта, а нормално во ваква ситуација се дава простор тие да работат по наредбите на нивните налогодавачи.

Имајќи го предвид сето ова, ќе видиме дека и проблемите кои се јавуваат при спроведување во пракса на постапките како јавни служби, не произлегуваат од неедуцираноста на стручните служби, туку од желбите на членовите на Комисијата за јавни набавки и одговорните лица кај договорните органи. Затоа е подобро со овие измени да се предвидат одредби со кои Бирото за јавни набавки ќе може да врши инспекциски надзор над учесниците во постапката за јавни

набавки и да презема соодветни инспекциски мерки.

Понатаму, се предвидува полагање на испит според програма за едукација за јавни набавки пред испитна комисија, која ја формира директорот на Бирото за јавни набавки. Притоа на никаков начин не се определува каква стручна квалификација треба да исполнуваат членовите на испитната комисија. Оваа испитна комисија ќе издава потврди, а не се решава во моментот околу тоа какви потреби треба да имаат членовите на испитната комисија и во прв план директорот кој ја формира Комисијата, а кој се бира на предлог на министерот за финансии и кој треба да има високо образование од областа на правото и економијата и најмалку пет години работно искуство во оваа област. Тогаш припадниците на стручните служби би требало да се изложуваат на трошоци за добивање таква потврда.

Сега уште би сакал да кажам за членот 23 од Законот за изменување и дополнување, меѓутоа сега во амандманската расправа беше прифатен, значи, предлогот државната комисија да се формира до 30 ноември, меѓутоа крајно несериозно е после, од причини што Законот за јавни набавки е донесен на 12 ноември 2007 година, а до сега не е формирана таква Комисија, значи, државна комисија за жалби по јавните набавки. Се надеваме дека од страна на Министерството ќе биде запазен овој рок и таа комисија ќе бие формирана, тоа што денес амандмански беше усвоено од страна на Собранието, односно 30 ноември 2008 година. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

СДСМ има конзистентен став како и секогаш. И во ноември 2007 година и сега нашиот став е јасен, нема да поддржиме донесување на вакво скандалозно законско решение кое уредува една многу значајна општествена област, областа на јавните набавки кои, да потсетам, тежат 340 милиони евра.

Во образложението што го добивме сите ние, кој го прочита кој не, стои дека причина за поднесување на измени и дополнување на Законот за јавни набавки кој стапи во сила на 1 јануари 2008 година, значи 9 месеци е во сила, но Министерството за финансии веќе почувствува потреба да поднесе измени, стои дека во досегашната практична примена на Законот за јавни набавки постигнати биле значајни резултати. Да не е трагично ќе биде смешо.

Ако се значајни резултати, бидејќи согласно одредбите од овој закон поддржан само од владеачкото мнозинство на коалилцијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, ако е значаен резултат скандалозниот тендер со ТЕЦ Неготино, ако е значаен резултат тендерот за хидроцентралите Чебрен и Галиште што два-три пати ќе собере храброст Министерството за економија да го распише, па ќе го снема, ако е значаен резултат тендерот за јаглен кој под силен притисок на јавноста и на нас како опозиција, го повлековте иако долго дебатиравме дека е надвор од секое разумно решение, ама најзначаен резултат, претпоставувам за Владата на ВМРО ДПМНЕ како последица токму на ваков закон за јавни набавки, е увоз на електрична енергија тежок 200 милиони евра за само првите 6 месеци. Имплементацијата на овој закон директно влијае врз зголемувањето на центата на електричната енергија од 1 ноември и тоа е така. Затоа и ќе гласаме против, но смешни се образложенијата каде стои дека божем промените ги правите заради усогласеност со директивите 17 и 18 од 2004 година. Но, сте заборавиле дека на крајот сте поднеле и документ, изјава за усогласеност на прописот, со законодавството на Европска унија каде стои: “Овој закон има делумна у согласеност” и тоа уредно е потпишано од страна на министерот Славески. Значи, немојте да тврдите дека токму сега ги менувате одреден број на одредби заради усогласување. Не е така. Зошто? Затоа што во колона 5 стои дека - учество на консултанти во изработка на предлогот на прописот нема.

Дадено мислење од страна на Европската комисија за усогласеноста на овие прописи нема. Затоа да не претендираме, да знаеме за што гласаме. Гласаме за предлози на Славески, а не дека усогласуваме закон со европското законодавство. Не постои директива во Европското законодавство каде стои дека за ангажирање на голем број услуги, цензусот треба да биде подигнат на 20 илјади евра. Не постои. Не постои земја во Европска унија што ќе даде дискреционо право на било кој носител на јавна услуга да ангажира, без притоа, согласно закон да објави јавен повик, хотелски услуги, рекреативни услуги, санитарни услуги итн. Не. Со промените на овој закон се имаше една интенција, хотелските услуги да му бидат доделени, претпоставувам на некој партиски близок човек, исто како и другите услуги кои се содржани во членот 17 во алинеја 2, здравствени, социјални, образовни, културни, спортски итн.

Во ноември 2007 година дебатиравме дека имаше Македонија европски закон за јавни набавки и беше креиран со помош и финансиски поддржан од стручњаците на Светска банка. Токму Ставрески не побарал мислење ниту зелено светло од сстручњаците на Светска банка, кога го носевме законот во 2007 година. Тука да немаме дилеми, бидејќи не постои никаква европска директива која ќе дозволи да се носи закон во кој не е регулиран и обезбеден независен регулатор. Ние и тогаш и сега дебатираме дека за да обезбедиме политичка независност на Бирото за јавни набавки, ние мора да го тргнеме од патронатот на Министерството за финансии, но ниту има политичка волја, ниту има слух за ова да

го прифатите. Затоа, овој закон не е европски закон. Затоа, се обидовте, јас жалам што господинот Вељаноски не е тука.

Законот што е донесен во ноември 2007 година не беше маркиран со знаменце од Европска унија.Тоа сега во промените се направи обид за груб фалсификат, бидејќи претпоставувам, повторо одредбите од Законот за јавни набавки ќе бидат некаде маркирани во извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија. Тогаш, не знам, господинот Груевски кој ќе го посочи како виновник, опозицијата, надворешниот, внатрешниот пријател. Само знаеме едно дека виновник мора да има.

И тогаш говоревме и сега повторно говориме дека овој закон не беше носен во една тарнспарентна постапка преку организирање на јавни трибини и јавни расправи.

Во мај 2007 година, ќе повторам, Центарот за граѓански комуникации за намалување на корупцијата даде 40 мерки како треба да изгледа македонскиот закон за јавни набавки по европски терк. Тие говореа дека апсолутно треба да му се дозволи на Бирото да се бираат членовите со определен мандат, од Собранието за да му обезбедиме политичка независност, да може да ја регулира независно оваа област. Ниту тогаш, ниту сега нема сенз, нема волја. Овој закон и понатаму овозможува увоз на електрична енергија, очи во очи, со непосредна спогодба, во неограничена количина, по непозната цена. Цената, претпоставувам, ќе ја дознаеме и ќе ја плати секој од нас и секој граѓанин на оваа земја кога ќе ја добие ноемвриската сметка за електрична енергија. Ќе плати секој од нас двојно, бидејќи цената на електричната енергија е корпорирана во цената на секој производ. Ќе ни паѓа стандардот. Пред нас е долга и тешка зима.

Почитувани колеги од ВМРО и сателитите, таман се израдував кога видов дека за реплика ни се јави почитуваниот Љубисав Иванов Ѕинго, сметајќи дека ќе даде поддршка за амандманот. За жал, господинот притиснал претпоставувам, со меници и изјави говореше дека Собранието не може да говори за уставно име, иако бев јас најгласна, говорев дека на 21, преку средствата за информирање дознавме дека господинот Вељановски на Собранието ќе му понуди точка на дневен ред каде ќе расправаме за резолуција, а не за одлука за уставното име. Меѓутоа, го разбирам притисокот од кој работи секој член на ВМРО ДПМНЕ и коалиционите членови што седат во оваа сала. Затоа претпоставувам, за жал, Собранието на Република Македонија и понатаму ќе носи закони кои не служат за подобрување на животот на граѓаните туку ќе носат и ќе придонесуваат со билдање на рејтингот на господинот Никола Груевски. Да ве потсетам тоа е оној што синојќа 15 часа беше присутен во домот секој граѓанин на Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријави Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Една порака од “сателитите”.

Можеби ние сме сателити ама колешката се наоѓа во орбитата каде што не знае да најде, веројатно, излез од својата ситуација во која се наоѓа.

Ако сега зборуваме за амандманот, подобро би било да се врати малку наназад и да види дека 80% од “приватизацијата” односно грабежот што го изврши СДСМ кога беше на власт, го присвои во четири очи. Значи ова е мачкина кашлица, ако сака да алудира на овој амандман, бидејќи се отиде во рацете на вашите холигарсии, госпоѓо Бендевска и Македонија доби една армија на невработени од кои и ден денес не можеме да излеземе од оваа криза. Значи, повеќе од 80% на грабежот наречен приватизација на Република Македонија го извршивте вие, а да не стане збор за јавните набавки што ги спроведувавте.

Ве потсетувам, уште еднаш вратете се од орбитата, дојдете на земјата, приземјете се и видете што стори СДСМ за Република Македонија. Од оваа криза можеби долго, долго, не можеме да се ослободиме.

(со седницата продолжи да раководи Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија)

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика е пријавена Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Не ја разбрав колешката. Говореше за некој амандман, а јас говорев за претресот по текстот на законот, но ја разбирам, кажа.

За сателитите и околу нив, колешке Авировиќ, знаете што непосредна спогодба, класичен пример, 20 милиони евра набавка на мазут за ТЕЦ Неготино, која е основната причина да се донесе законот во ноември.

Знаете што значи катастрофална приватизација? ОКТА е на ваш товар, ама ниту тоа ќе ни помогне, ниту вашето. Имате проблем со меницата што сте ја потпишале, госпоѓо Авировиќ и со изјавата и заради тоа ќе следат, претпоставувам, вака нелогични дискусии, под притисок на она што значи заложба на личен имот, во знак на поддршка на Никола Груевски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, за Предлогот на законот гласаа 55, воздржан нема, против 16 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки.

**Минуваме на точка 16. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки - индустриски развојни зони, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извешта на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагажот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се јавија госпоѓа Роза Топузова Каревска, Менде Диневски, Чинговски Томе, Горан Сугарески и Марјанчо Николов.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Јас би сакала да укажам за што се работи со носењето на овој закон. Имено, иако има интерес од 5 пријавени дискутанти, Законот има само еден член односно еден кој што е и два члена кои се однесуваат, значи вкупно три, за неговото стапување во сила.

Почитувани колеги пратеници, со оглед дека најголем број од парламентарното мнозинство и не ги следи законите, сакам да кажам дека ова е трет закон што стигнува за 10-тина дена односно за оние малку седници што ги одржуваме во последно време, кој предвидува отворање на ново работно место и притоа предизвикува измени во Законот за технолошки и индустриски развојни зони.

Со овој закон се предвидува директорот на Комисијата за технолошките индустриски развојни зони да има заменик директор.

Сега, ако погледнеме кој е обемот на работа на директорот, ќе констатираме дека апсолутно нема потреба од едно вакво работно место.

Овој закон произлегува прво како резултат на договорите на партиите во коалицијата и секако можноста за нови партиски вработувања.

Почитувани колеги пратеници, не се работи само за едно место, за заменикот директор, туку ние знаеме дека понатаму следуваат и останати работни места како што е секретарка на заменикот директор, возач на заменикот директор со употреба на службено возило.

Мора да признаеме дека на ваков начин, воведувајќи во сите можни институции каде немало до сега затоа што немало потреба и добро функционирале тие институции без заменик директор, имаме непотребно трошење на парите на граѓаните. Токму поради тоа и поднесов амандман со кој барам да се укине ова работно место. И нема да бидам изненадена ако по месец дена, бидејќи реков стана пракса да имаме измени на закони за да се воведе заменик директор, нема да бидам изненадена ако многу брзо, кога ќе се пополнат сите места каде до сега немало, ќе се воведат нови заменици, ќе стигне закон од Владата каде што се воведува заменик на заменикот директор. Јас искрено размислував дали амандманот да биде во насока да се укинат членовите 1, 2 и 3, со тоа да не се воведе ова работно место, или пак да не ги чекаме месец дена, веднаш да предложам да има уште едно работно место, уште едно ново партиско вработување, заменик на заменикот директор, па кога дваицата ќе бидат отсутни, овој да може да ги заменува.

Не очекувам дека амандманот ќе ми биде прифатен, но мислам дека треба сериозно да размислат пратениците од парламентарното мнозинство, оние кои што се во салата дали ќе го прифатат овој амандман затоа што овој амандман ниту со нешто допринесува за подобра имплементација на законот, ниту со нешто допринесува за подобро функционирање на Законот за технолошко-индустриски развојни зони, ниту за подобро функционирање на Дирекцијата. Едниствено го оптоварува Буџетот на Република Македонија како што кажав со најмалку три нови работни места.

Почитувани колеги пратеници,

Мислам дека во вашата програма никаде не прочитав, на ВМРО-ДПМНЕ онаа во “Сто чекори” надградена и доградена, дека секаде каде што е можно ќе воведувате нови работни места. И сега некој ќе каже дека се работи за вработување на млади и стручни кадри. Никогаш нема да бидам против да се почитува стручноста и компетентноста и да бидат вработени млади луѓе. Но за жал, ова е партискиот договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и останатите коалициони партнери каде што треба да имаат одредени партиски вработувања. Не се работи ниту за кадар, стручен и компетентен, не се работи ниту за неопходен кадар кој што ќе допринесе во функционирањето на Дирекцијата. Затоа сметам дека ќе биде коректно од ваша страна овој пат да го прифатите амандманот од опозицијата и да кажеме веќе стоп за нови вакви измислени работни места кои што апсолутно овие луѓе нема ни што да работат. Погледенте ги обврските што ги има и дојдете сами до заклучоко што ќе работат овие луѓе. Ништо. И наместо да отвараме работни места каде што ќе може да се вработат млади, стручни и компетентни луѓе затоа што половината ни заминаат да си ја бараат среќата во туѓите држави, а останатите половина дипломирани чекаат со години за работа. Вашата заложба во вашата програма, вашето ветување е дека ќе се грижите за овие луѓе, а не за згрижување на поединци од високи членови, функционери во партијата или блиски роднини на функционерите од ВМРО-ДПМНЕ или ДУИ за да може само да го исполнете меѓупартискиот договор. Очекувам дека со прифаќањето на амандманот можеби и

Владата ќе извлече заклучок дека повеќе нема да и поминуваат вакви амандмани во Собранието и со тоа ќе почнеме да го враќаме дигнитетот на Собранието за што секогаш сум се залагала. Инаку, ова може да продолжи до бескрај. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господиниот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Иако претседателот на Собранието кажа дека згрешил што се носат закони по итна постапка сепак праксата продолжува и Владата навистина во недостаток на идеи и сериозни решенија предлага закони во кои се менува само еден член и тоа за задоволување на кадровскисте потреби на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Тога факт е непобитен бидејќи и вчерашното ЕПП кое го гледавме цел ден покажаа дека навистина немаат сериозна идеа.

Изминатиот период сме сведоци на измени на повеќе решенија кои се однесуваат на овој правец со поставување на кадри и таму каде што треба и таму каде што не треба. навистина мислев дека тоа ќе биде исклучок на работата на Владата на ВМРО-ДПМНЕ со измените кои ги направи во Законот за Бирото за стручно образование, но дефинитивно се излажавме. Со денешниот Предлог на закон дефинитивно се потврдува дека тоа ќе стане пракса и можност таму каде што има можност Владата навистина немилосрдно ќе ги менува законите и сите свои партиски војници сигурно ќе ги вдомува во институциите без разлика дали има потреба или нема. Денес тоа е случајот за Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошко-индустриско развојни зони каде што ни се предлага покрај тоа што Владата именува директор може преку институцијата заменик директорот да задоволи уште еден партиски кадар и со тоа да продолжи преродбата во “Сто чекори” се разбира надградено. Само не знам на која страна од преродбата на ВМРО-ДПМНЕ е запишано дека во сите институции каде што функционира еден директор ќе мора да направат измени во сите закони и во сите тие закони да назначат односно да воведат институција заменик директор.

Исто така не гледам дека во овие предлог на измени на закони дека се со европското знаме, затоа што вие тврдите дека работите посветено на усогласување на еворпското со нашето законодавство, а токму овој пример е спротивен.

Образложеието за овој закон се состои од една реченица и потребата за воведување на институцијата заменик директор во технолошко-индустриските развојни зони е следна “институцијата заменик директор на Дирекцијата за технолошко-индустриско развојни зони кој ќе го заменува директорот на Дирекцијата во случај на негово отсуство или спреченост од работата”.

Тука се поставува следното прашање. Зарем мислите сите навистина се заслепени од популизмот и немилосрдниот маркетинг па ќе можете да правите се што сакате со парите на граѓаните на Република Македонија. Заради навистина мислите дека треба да се плаќа некој заменик министер за цела година само за да работи кога директорот е отсатен или спречен за работа. Зарем тој директор е толку многу зафатен што сега има потреба од заменик кој ќе се избира на исти начин како него. Па нели вие во преродбата работите 24 саати на еден. Ако работите навистина 24 саати на ден тигаш навистина нема потреба од едно вакво решение или ваквото решение е непотребно. Очигледно дека се работи за нешто сосема друго, за кое сум убеден дека граѓаните ќе го препознаат.

Впрочем се знае колку дена еден вработен може да отсуствува од работа согласно со Законот. Исто така се знаат и мерките кои се превземаат за тој што не работи.

Со измените на Законот за работни односи, за кој пред неколку седници дискутиравме и тоа како ги регулиравте тие односи. Ако директорот навистина не работи согласно член 17 од овој Закон има можност да се разреши и на негово место да се назначи друг, кој ќе работи, кој нема да отсуствува од работа.

По вашата логика, ако директорот и заменик директорот отсуствуваат од работа тогаш навистина ќе треба повторно да правиме измен и на овој Закон и да воведеме институција заменик на заменикот и тој да ги ужива сите бенифиции на власта. Тоа ќе биде во согласност со програмата на Владата и ВМРО-ДПМНЕ.

Со ваквите предлог решенија не се прави ништо друго освен што се задоволуваат и на секој можен начин се злоупотребуваат институциите во функција на личните амбиции и потреби на поединци со цел истите наместо да се продуктивни ќе седат, ќе земаат плата и кога директорот ќе биде отсутен, согласно овој предлог ќе работат.

Ваквите партиски војници кои нема да работат ништо, напротив со службените возила и пари ќе работат на подигање на рејтингот на оние кои му овозможиле на државна сметка да уживаат.

Навистина не знам зошто се трудите да правите измени во овој дел, кога и онака поставувате кадри кои немаат ништо заеничко со функцијата која ја добиваат. Во тој контекст не сакам да говорам, затоа што прави актуелниот директор, колку резултати има постигнато, бидејќи затоа ќе ми треба повеќе од десет минути.

Наместо Владата да ги потполни испразнетите места таму каде што треба и таму каде што има надлежност, наместо да постави директори на институции каде што е недозволиво да функционираат обезглавени повеќе месеци, како што е случајот со повеќе клучни институции во

Битола, вклучително Стрежево и РЕК Битола, таа се занимава со популизам и себерекламирање.

Затоа почитувани, ваквите предлог решенија не се во функција на подобрување на работата на институциите и потребите на граѓаните на Република Македонија. Истите ќе предизвикаат непотребни финансиски оптеретувања на Буџетот и за истите ќе гласам против. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господиниот Ивица Ѓеорѓиевски, повелете.

**Ивица Ѓеорѓиевски:** Благодарам претседателе.

За волја на вистината убаво е македонските граѓани во целост да бидат информирани што е вистината. Факт е една работа дека од 2002 до 2006 година во Дирекцијата има двајца заменици кои биле поставени од тогашната влада, значи незаконски поставени, Виктор Делов и Никола Колевски, исто така луѓе кои и тоа како се партиски војници на СДСМ и кои ништо друго не работеа само што земаа плата 4 години во Дирекцијата. Јас ја имав таа можност да бидам краток период во таа Дирекција и за тој период можев само да се уверам во огромното неработење и на директорот и на заменикот директор, така да сега е еден период кога оваа Влада се труди да донесе ред во функционирањето на таа Дирекција. Значи, ние имаме директор кој и тоа како работи, Марјан Манов е директор кој цело време е посветен на работата на Дирекцијата и нормално во таква Дирекција што има многу голем обем на обврски, потребно е да има и заменик директор кој ќе му помага во работата. Така да се што правиме, сега носиме закон за регулирање на нешто што и тоа како било поставено, но тоа било незаконски само со одлука на Влада. Така да убаво е македонските граѓани да ја знаат целата вистина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Ви благодарам бидејќи се согласивте, се што кажав јас вие повторивте и потврдивте дека ваквиот заменик директор навистина ќе нема работа како заменик директор во оваа институција.

Но она што сакам да го кажам е следното. Ако навистина работите 24 часа како што тврдите нема да ви треба заменик директор.

Второ, ако на постојниот директор обврските му се премногу обемни тогаш треба да го ослободите, да го смените и на негово место да поставите директор кој може да одговори на обврските кои стојат пред него. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чиговски:** Благодарам претседателе.

Во однос на предлогот на донесување на законот за измени и дополнување на Законот за технолошко-индустриски развојни зони би сакал да потенцирам дека и овој закон е еден од многуте кој е подлежен на измени во текот на краток временски период. Имено, текстот на законот кон чии измени се пристапува е усвоен во февруари минатата година. Сметам дека одредени причини поради кои се предлага измени и дополнување биле актуелни во 2007 година само што тогаш не биле земени во предвид. Или се знаело дека Европската унија ќе реагира на одредени одредби ама сепак се одело, се дало можност такви одредби да важат па макар и само на неколу месеци.

Носењето и менувањето закони со голема брзина, без многу размислување и без да се консултираат експерти секогаш со себе носи проблеми.

Градењето на поволна бизнис клима подразбира сигурност во легислативата односно инвеститорите очекуваат условите под кои почнале со инвестирање во одредена земја да важат подолго време или да бидат трајни, а честото менување на законите има сосема спротивен ефект.

Еве и сега, се предлага донесување на овој закон по итна постапка и нормално повторно се можни пропусти, грешки, недоречености и недопрецизирани одредби.

Овој закон е директно поврзан со повлекувањето странски инвестиции во Република Македонија. Владата милува да прикажува наводни големи успеси на ова поле, но сите сме свесни дека нивото на влез на странски капитал во земјава е далеку позадоволителен. Затоа е многу важно ваквата законска материја да подлежи на темелни анализи, изработката да вклучи поголем број стручни лица и кога законот ќе биде донесен да биде ефикасен и да не мора да го менуваме на секои 6 месеци или година.

Образложението за итноста поради која се предлагаат измените и дополнувањата на Законот за технолошко-индустриски развојни зони Владата вели дека овој закон мора итно да помине, затоа што во него се вградени пристигнатите забелешки од Европската комисија, а нивното исполнување е еден од условите за добивање датум за преговори за членство во Европската унија. Знаеме дека во ноември преговори нема да добиеме, затоа што не се исполенти многу повежни услови од овој и тоа е јасно.

Законски измени од овој тип ќе се предложат и ќе поминат, но власта, владеачкото мнозинство треба да се свесни дека проблемот лежи во процедурата и брзањето. Никаков напредок нема да се оствари ако единственото што го правиме е менување на закони согласно условите во моментот. Ете, да го земеме за пример членот 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки-развојни зони. Во законот усвоен минатата година во февруари во овој член меѓу другото стои: “Владата на Република

Македонија може да учествува во трошоците за изградба на градежни објекти за корисникот во зоната, компанија од актуелната листа на Фјотур Глобал и Бизнис слик Глобал во висина од 100%, а не повеќе од 500 илјади евра во денарска противвредност. Истиот член сега се менува и во него нема ни трага од листата Фјотур Глобал и Бизнис слик Глобал туку наместо нив стои само “корисник на зоната”.

Претпоставувам дека минатата година некој се уште се надевал дека ангажирањето на тогашниот министер Ташковиќ и старо-новиот министер Самак како главна сила на Владата на ВМРО-ДПМНЕ за привлекување странски инвестиции ќе има ефект. И не само тоа туку ќе донесат еден куп врвни компании, а на државата ќе и биде чест да учествува во трошоците за изградба на објекти и инфраструктура. Затоа и останале овие листи во законот.

Ваквите амбиции пропаднаа, исто како што пропадна во земја еден министер што го спомнав без да се каже колку ја чинеше државата тоа што делеше визит карти по свет, затоа сега предалгачот не се абдицира и наместо тоа Топ Компании сега го шири законот во делот на државната подршка при инвестирањето на сите потенцијални корисници.

Со овој предлог се прават и низа други измени кои се обврска од протоколот за пристапување на Република Македонија во светската трговска организација.

Предложени се измени кај царинските и другите погодности и одредби за надлежности на Дирекцијата. Се зголемува и времетраењето на закупот за изградба на земјиштето за перид од 99 години, наместо досегашните 50 + 25. Значи покрај задолжителните се прават и ред други измени со кои фактички се менуваат суштински и бројни одредби од овој закон.

Фактички сето ова што го напоменав е причина повеќе за овој закон да се донесе во редовна процедура во која текстот ќе се исчисти од сите недоречености и одредби кои нема да можат да се применат во пракса. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министер за економија.

Денес во скратена постапка ни е доставен предлог за изменување и дополнување на Законот за технолошло-развојни индустриски зони во кои што имаме вметнување на еден нов член, со кој што се воведува функцијата заменик директор на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони.

Очигледна е политичката спогодба со коалициониот партнер за воведување нова функција која што ќе ги задоволи на момент барањата на коалиционите партнери во Владата, бидејќи не е напишано, меѓутоа е воочливо дека станува збор за место кое што треба да го потполни коалициониот партнер на ВМРО-ДПМНЕ ДУИ во кадровските пазарења.

Колку тоа ќе придонесе за подобрување на законот и колку ќе придонесе во ефикасно раководење со Дирекцијата и нејзината работа во имплементацијата на законот не ми е јасно, а верувам дека и на целокупната јавност доколку го следи ова дебатирање.

Се наметнува прашањето дали новиот заменик директор треба да ја имплементира правичната застапеност при распределба на нови технолошки развојни индустриски зони, или ќе треба да ја надгледува имплементацијата на политичкиот договор помеѓу двете владеачки партии и ќе спроведува своја политика, или сосема нешто друго. Кои ќе бидат неговите работни задачи. Со неговите задолженија како ќе придонесе за ефикасно управување и раководење со самата Дирекција.

Мислам дека е потребно во овој момент и на ова место да се одговори на овие прашања и на овие дилеми.

Во овој момент верувам дека и македонската јавност ќе биде заинтересирана да ги слушне одговорите, како впрочем и сите ние, но, сакам овде да ја искористам и оваа прилика да го кажам своето мислење по однос на самиот закон, односно при усвојувањето на законот за технолошки развојни индустриски зони од страна на тогашната опозиција која ја предводеше СДСМ се разви дебата во вид на прашања за критериумите според кои се избираат општините т.е. регионите во кои ќе се отвараат овие развојни индустриски зони со сите оние бенефициии погодности кои ги нуди. Нормално, законот во поглед на побрза и поефикасна имплементација за развој  на општината и регионот во целост, отворање на нови работни места, трансфер на стоки и услуги, капитал, луѓе и т.н.

Тогаш претставниците од опозицијата прашуваа зошто определени региони не се опфатени во динамичкиот план на активности кои треба да се пратечки документ во имплементација на законот.

Исто така сакам да ја искористам и оваа прилика да го повторам прашањето за Прилеп како општина која ја застапувам во овој Парламент. На неколку наврати во минатиот период заинтересирани стопански субјекти во Прилеп изготвија проект за слободна трговска зона која треба во голема мера да придонесе за побрз развој на целата општина Прилеп. Меѓутоа, за жал, општина Прилеп не наиде на прием на ваквите предлози, бидејки се претпоставува  дека ќе се намали приливот на даночните средства кои сега се на распоалгање со тековниот начин на работење на стопанските субјекти под сегашните услови на работа.

Ако не постоеше политичка волја на општина Прилеп да добие бесцаринска трговска зона се

направија обиди од иницијаторите тоа да се преформулира и да се преработи во нов проект за технолошко развојна индустриска зона. Но, за жал, од страна на владеачката гарнитура не се доби зелено светло. Прилеп повторно остана на маргините. Не е баш најсоодветна, но морам да направам паралела со Законот за полиција во кој, според сите параметри и аргументи Прилеп да не биде сектор односно да се преструктуира во полициска станица под надлежност на Битола. Колку тоа решение ќе го сузбие криминалот во Прилеп и околината во помалите општини, времето веќе покажува.

Морам да потенцирам и со изборот на општините и регионите во кои се отворија технолошко индустриски развојни зони и кога сме веќе тука би сакал да го искористам присуството на министерот за економија да ми одговори на три прашања и тоа дали предлагачот односно Министерството за економија заедно со Дирекцијата е задоволно од досегашната имплементација на Законот?

Второ, на какви пречки до сега наишло и дали се оценува дека изборот на општинтие во кои се отворија зоните е најоптимална одбрана.

Трето, дали ќе следи отворање на нови зони, кога, во кои општини и дали Прилеп ќе биде опфатен со тие нови активности.

Во интерес на времето би престанал со прашањата, само инсистирам на одговори од претставникот на Владата. До колку не ги добијам јас и јавноста ќе сметаме дека станува збор за политички активности за задоволување на други интереси кои не се во прилог на рамномерниот развој на општината за што впрочем изгласавме таков Закон.

На крај да се престане со праксата на брзи и парцијални нецелосни измени на законските решенија без сеопфатна анализа на нивното функционирање во праксата како и корекција на истите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

За жал, во краткото излагање на пратеникот Сугаревски се изнесоа повеќе невистини со кои, дали беше целта да се дезинформира јавноста особено прилепската, за таа цел се јавив за реплика да ги исправам невистининитите наводи на господинот Сугаревски. Би било ред да ги следи одлуките кои се донесени на Владата особено за општина Прилеп и да го информирам дека веќе е донесена одлука, одредена е нова технолошко-индустриска развојна зона за општина Прилеп која ќе се протега од месноста Алинци до месноста Ново Лагово така што тука веќе е донесена одлука, во тек е изработка на проект за остварување на нова технолошко-индустриска развојна зона за Прилеп. Значи, околу тоа за Прилеп дека е занемарен во плановите на Владата не е точно.

Ќе беше подобро господинот Сугаревски воопшто да не го спомнуваше Законот за полиција, бидејќи идеен автор на Законот за полиција, за жал, беше токму неговата поранешна неуспешна Влада, кој, за жал, бевме приморани да го изгласаме овде во Собранието.

Затоа велам немојте да се служите со такви работи за ефтини политички поени, јавноста знае кој го направи Законот за полиција, која Влада го состави Законот за полиција.

Оваа Влада многу повеќе направи за општина Прилеп, за нејзиниот развој, фактот што повеќе милиони евра се инвестирани во општина Прилеп доволно зборува колку оваа Влада се грижи за градот Прилеп, а тој нека каже колку минатата Влада направи за нашиот град, барем еден проект да напомне кој е реализиран во општина Прилеп. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Само кратко, контра репликата е во два дела, едниот дел е, вие носите одлуки, меѓутоа, многу тешко ја гледаме реализацијата на тие ваши нови проекти во Прилеп.

Во поглед на полицијата можевте комотно да кажете деновиве каков ршум се прави во полициската станица во Прилеп каде еден куп луѓе кои веројатно вие ги третирате како политички неистомисленици на Власта, ги префрлате да одат во Мариовските села, во другите населени места, меѓутоа, за жал, тие се отстранети од местата иако станува збор за стручни и компетентни лица. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници кои се присутни во салата, почитуван министер.

Иако се работи само за еден член од законот кој се менува, дебатата кој истиот ја повлеквуа, навистина точно може да укаже на тоа како всушност владеачкото мнозинство си го сфаќа својот начин на владеење и кои се приоритетите.

Многу од нашите колеги кои, за жал, не дебатираа да го одбранат законот, туку се јавуваа за реплики, ниту еден од нив не спомна нешто позитивно за законот, туку сите се навраќаа како било од 2002 до 2006 година што навистина е малку симптоматично и укажува на сериозен недостиг на аргументи да се одбрани предложеното законско решение. Ако ние 2006 година СДСМ ги изгуби изборите, тоа значи дека граѓаните кажале што мислеле за нашето владеење. 2008 година исто така ги загубивме изборите и сега не ја гледам причината колегите

од владеачкото мнозинство упорно да не ги бранат законските решенија, туку да издаваат аргументи како било претходно. Ако почнеме така да размислуваме во Република Македонија само вербално да ги осудуваме работите без, кога ќе се смени власта, или кога ќе дојдат оние кои го напаѓале тоа од 2002 до 2006 година со своите дела истото да го повторуваат, мислам дека навистина државата има сериозен проблем и мислам дури и владеачкото мнозинство, иако сега ужива сериозна поддршка од граѓаните, брзо ќе дојде времето кога во недостиг на идеи и визии,па дури и во недостиг на аргументи да си ги одбранат законските решенија, граѓаните ќе сфатат што всушност се прави во Република Македонија и тогаш ќе се соочат со реалноста. Сега морам да забележам дека се уште живеат на некоја слава која упорно ја покриваат со скапи реклами и маркетинг.

Но, времето ќе покаже дали она што ние сега го зборуваме е вистина за дел од проектите веќе се виде дека сме биле во право, а за дел од проектите исто така ќе видиме дека она што сега го кажуваме праксата ќе го потврди.

Со измените на Законот за технолошко-индустриски развојни зони Владата се решила да направи само една измена. Значи, освен директорот да назначи заменик директор оправдувајќи го тоа ние не го слушнавме министерот на пленарната седница, јас имав можност да го прашам на Комисијата, тој објасни дека се работи за зголемен обем на обврски кои ги има Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони и дека сега наводно се јавила потреба од дополнување на организационата или кадровската екипираност на таа Дирекција за да може поуспешно да работи, токму тоа е проценка на Владата дека треба да биде заменик директор, а не некој друг персонал кој можеби постручно и покомпетентно ќе ја заврши работата.

Проценка на СДСМ е дека е ова политичко решение, договор помеѓу коалиционите партнери за да се вработи уште еден човек од некоја од владеачките партии. Мислиме дека не е добро на ваков начин да се води политиката во Република Македонија затоа што всушност со ова решение се оптоварува Буџетот на Република Македонија, непродуктивно се трошат парите на граѓаните на Република Македонија и навистина не гледаме причина да има и заменик директор на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони.

Ако земеме во предвид дека еве месечната плата на заменикот директор изнесува 60 илјади денари, годишно тој ќе ја чини Република Македонија 720 илјади денари или за 4 години 2.800.000 денари.

Дали тие пари не беше попродуктивно да се потрошат за нешто друго.

Да ја земеме Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони, тука е министерот, би го запрашал колку од предвидените технолошко-индустриски развојни зони се ставени во функција, освен технолошко-индустриската развојна зона во Бунарџик ниту една друга не функционира ниту во Штип, ниту во Тетово, ниту во Битола, ниту во Прилеп. Не знам каде има план Владата да отвори вакви технолошко-индустриски развојни зони. Ако ја земеме само Скопската во Бунарџик, гледаме дека таму нема инвеститори. Имаме многу најави дека ќе дојдат инвеститори, но конкретно поставување на камен темелник на отпочнување на градење на нова фабрика, немаме, освен онаа инвестиција од претходниот период за кој колегите кажуваат дека бил многу лош за Република Македонија кога дојде Џонсон Контролс,нема друга инвестиција.

Сега, кој е тој зголемен обем на работа за да било неопходно да се стави и заменик директор. Ги немаме резултатите. Го слушнавме вчера гувернерот на Народната банка рече дека во Република Македонија заклучно со септември, ако добро разбрав, дошле околу 300 милиони евра странски инвестиции.

Би ја искористил приликата, би го замолил министерот да објасни која е структурата на овие инвестиции. Дали се во најголем дел во финансискиот сектор како преземање на банки, осигурителни компании, дали има некоја директна странска инвестиција во смисла на грин филд инвестиција, бидејќи тоа е она што и фали на Република Македонија за да може после да ги решава проблемите во делот на невработеноста, на економскиот развој, на отворање на перспективи.

Вака навистина со предложеното решение цениме дека само се врши реализација на политички договор, уште еден кадар од политичките партии на власт да се вдоми и да зема пари на државна сметка без притоа да има реална потреба од истото.

Веројатно ќе имаме можност уште да дебатираме околу состојбата со странските инвестиции, бидејќи технолошко-индустриските развојни зони иако концептот е да привлечат странски инвеститори, ние два пати го менуваме Законот. Дел од колегите веќе зборуваа за истото. Го зголемивме периодот на закуп на 99 години, го намаливме рангот на фирмите кои имаат многу погодности да инвестираат во овие технолошко-индустриски развојни зони. Дозволивме домашни фирми под услов да не прават селење на бизнисот во овие зони и по тој основ да остваруваат привилегирана положба да инвестираат, но инвеститори никако нема. Во технолошко-индустриските развојни зони се уште нема инвеститор донесен од владеачкото мнозинство. Иако се даваат многу поволности, се прави силна кампања, имаме не знам колку економски промотори за да привлечеме странски инвестиции, нешто не оди. Ние може во Република Македонија да се фалиме дека имаме волкаво ниво на инвестиции, ако споредиме со

регионот ќе видиме дека нивото на инвестиции е најмало во Република Македонија. Никаде нема помал обем на странски директни инвестиции отколку во Република Македонија. Земете ја Србија, земете ја Албанија, земете ја Босна и Херцеговина, земете ја Хрватска, сите земји од бивша Југославија, тоа сериозно укажува на потребата дали Владата има правилен концепт, дали толку пари треба да се трошат за странски инвестиции или за отворање на технолошко-индустриски развојни зони. Во Буџетот имаше предвидено за развој на технолошко-индустриски развојни зони околу 660 милиони. Добри се напорите, но дали треба тоа да биде комбинирано како ќе доаѓаат странски инвестиции така да се развиваат зоните. Во овој случај самото предлагање на заменик директор, зголемување на уште еден човек кој условно треба да работи на привлекување на странски инвестиции навистина мислиме дека само се оптоварува Буџетот, а ефектите нема да бидат познати.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Сосема е во ред и сфатливо тоа дека улогата на опозицијата е постојано да се жали, да дава сугестии, забелешки во однос на тоа да спори некој Предлог закон, некоја одлука, некој правен акт. Меѓутоа, јас не можам да сфатам нешто вакво кога се бара измена или спорење на некое решение, мислам дека треба да се понуди и друго алтернативно решение до колку се предложи измена на некој акт или одлука, а не само да се спори поради некои финансиски импликации, поради една дополнителна плата на еден заменик директор во тој кабинет. Мислам дека сепак правата логика на секој човек не може да го сфати и прифати ова како такво.

Мислам дека опозицијата има обврска и задача да ја поправа Владата, да ја исправа владината коалиција и сите институции кои имаат добиено глас од народот. Меѓутоа, никогаш не е конструктивна до колку не нуди постојано решение, конкретно решение.

Сосема се согласувам со вас, ние живееме во плуралистички систем и во тој систем има политички договр, да бидеме искрени. Политички договор има уште од 90-тите години наваму. Секој политички субјект кој учествува во владината коалиција, што има лошо во тоа до колку се има политички плурализам. Нормално, ќе се постави заменик директор за да управува и да ја олесни работата на директорот, во конкретниов случај. До колку мислите дека не треба да има заменици или потпретседатели да почнеме прво да го тргнеме Рафис Алити како потпретсеател на Парламентот, господинот Јани Макрадули, да ги тргнеме сите заменици министри, заменици претседатели на Влада и да одиме по ред до колку мислите дека тоа ќе биде поконструктивно и поплодно секое позиционирање во секој орган во институциите на Република Македонија.

Сепак ќе ви кажам дека го сфаќам вашиот случај и ние сме биле опозиција, сме давале забелешки и сугестии, меѓутоа, сме оделе со конкретни решенија, сме велеле ова не чини и го нудиме ова како опција, а најдобро ќе биде за самите граѓани за тоа, која е улогата на опозицијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов**: Благодарам.

Бидејќи колегата Незири Саефет го бранеше предложеното законско решение, веројатно заемникот директор треба да биде од неговата партија, што јасно укажува дека сме ние во право и дека се работи за политички договор.

Да го поправам, ние нудиме алтернатива, а тоа е дека нема потреба од заемник директор. Имаме поденсено амандмани со што бараме членот да се брише и Дирекцијата за технолошко индустриско развојни зони да има само директор а да не се оптоварува буџетот на истата и со заменик директор. Нудиме и решение дека во овој момент навистина нема потреба од заменик директор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика господинот Георгиевски Ивица, повелете.

**Ивица Георгиевски**: Благодарам претседателе.

Значи, јас не сакав да се јавам но ме предизвика пратеникот со една реченица вика: “2006 година луѓето гласаа за вашето владеење, владеењето на СДСМ, а 2008 граѓаните гласаа за владеењето на оваа Влада и за премиерот Никола Груевски”. По бројот на гласовите може јасно да се види кое е мислењето за работењето на таа Влада и на оваа Влада.

Многу често спомнувате да не се повторуваме како сте работеле како СДСМ од 2002 до 2006 година. Па како на граѓаните ќе им укажеме да ги увидат разликите помеѓу владењето на овој премиер и на оваа Влада на Република Македонија и таа Влада на Бранко Црвенковски и на сите останати кои се смениja како премиери во тоа време.

Значи да се вратиме на темата, и тоа е Бунарџик и слободните економски зони и Законот. Значи треба да знаат граѓаните дека со оваа измена на закон носи, регулира еден дел што сега ќе има заменик директор што правно ќе биде регулирано тоа. До сега имаше, директори во времето на СДСМ, има и во времето и на оваа Влада, но тој не беше правно регулирано.

Значи, токму заради измена и подобрување на работите се носи оваа измена. Не заради еден човек плус или помалку да биде вработен. Заменик директор си има многу години наназад и

многу години наназад зема плата од Буџетот на Република Македонија. Значи, нема да има измена и дополнително оптоварување туку само правно ќе се регулира тоа.

А, во делот со странските инвестиции кои толку милувате да ги зборите, сами би им укажал на граѓаните и за нешто што се случи токму 2006 година, кога беше потпишан тој Договор  со Џонсон Контролс, не беше апсолутно ништо преземено од потпишувањето Договорот во мај 2006 до септември , додека не дојде новата Влада што со целосен ангажман одвај ја спаси таа инвестиција што не знам и како ја потпишавте. Земавте милион обврски ништо не исполнивте и требаше да дојде нова Влада, нов премиер, ново раководство на Дирекцијата за да го спроведе тоа.

А, инвестиции има и те како многу, но сите што разбираат економија знаат за да дојде Гринфилд инвестиција, таа бара средени работи. Значи, бара една слободна економска зона каде што има инфраструктура, има гас, има струја, има вода. Токму тоа во овој момент го работи дирекцијата. И имаме среќа што имаме ваков директор кој секодневно е посветен на работите. Но тоа се толку многу ангажмани кои од 2002 до 2006 ништо не било направено. Па нормално е дека има потреба од заменик директор и многу поголемо екипирање за да се завршат сите оние работи, сите оние инвестиции кои со десетина  се најавени за да бидат во наредните 4 години. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплка господинот  Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитуван колега,

Кога веќе искрено ќе ја гледаме 2008 година, изборите, граѓаните се уште чекаат да им кажете зошто на пола мандат ги распишавте изборите. Тоа е сериозно прашање што, верувале или не ќе додје време ќе мора да го одговорите. Ако била толку успешна вашата Влада од 2006 до 2008, зошто на пола мандат го прекинавте и распишавте избори. Дали знаевте дека илузијата што ја создавате со скапи реклами и скапи маркетинзи ќе падне за две години. Кога граѓаните ќе тргнат тоа што им се кажува на телевизија и ќе се соочат со реалноста, ќе водат дека всушност дека нема вистински активности или позитивни резултати.

Околу зоната, настапија избори и наредната Влада имаше обврск ада ја уреди зоната и да им овозможи на инвеститорите. Сега се е уредено, парламентот повторно нема инвеститори.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор мнистерот за економија, Фатмир Бесими, повелете.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, на кратко ќе се обидам која е причината на оваа предлог измена на Законот за Технолошко индустроско развојни зони. Се работи да се обезбеди поефикасна реализација на програмата на Дирекцијата за индустриско развојни  зони, бидејќи веќе имаа најави за нови инвестиции во наредниот период. Од таа гледна точка, доколку ги знаеме целите што се за подобрување на економската перспектива во Република Македонија, а подобтување на економската перспектива тоа е привлекување на повеќе инвестиции, со што ќе се отворат повеќе работни места, а со тоа ќе се подобри конкуретноста на граѓаните и нивниот животен стандард. Основна цел е да се подобри економијата. Нормално е да инвестираме во кадри, меѓутоа тоа ќе го сторат во институциите. Во конкретениот случај нема да има дополнителни фискални ипмликации, затоашто и во досегашниот период од изминатите две години владина структура била. Во оваа институција имало постојано заменик директор и финансиските средства, буџетските средства се и те како планирани таму, а со ова само законски се регулира. И се дава поголема тежина и ефикасност за реализација на проектите што се веше најавени.

Како потврда на тоа дека оваа инстутуција станува се поприсутна, се гледа и од самиот, ако имаме една ретроспектива, односно  прават анализа на Буџетот на оваа институција, што значи Буџетот од 2008 година имало предвидено 660 милиони денари за разлика од 2005 година кога имавме само 6 милиони денари, а 2006 година 28 милиони денари, во 2007 се качи на 2400 милиони денари, а во 2008 на 660 милиони денари. Ова се цел за имплементација односно развој на технолшките индустриски развојни зони, како концепт за поатрактивна дестинација за привлекување на инвестиции што ќе дојдат во Република Македонија. Со тоа можам да кажам дека во досегашниот период во понапредна фаза е зоната Скопје 1, позната како Бунарџик каде што веЌе има инвестиции Џонсон контролос. Потоа има потпишано неколку меморадуми: со Џонсон мети, Монтитет, Искра, Ландот, потоа турска компанија за алуминиумски профили, мониторинг за ЛЦД телевизори, а има и други најави што треба да дојдат во одредена фаза на реализацијата и унапредувањето.

Сите знаеме дека од идеја до реализација на една инвестиција е потребно време, осознавање на сите можности и прилики, инвеститорот да гледа развој на својот бизнис. Тоа треба да го правиме од повеќе аспекти.

Други зони се формирани и треба да се развијат, тоа се технолошките зони Скопје 2, Тетово и Штип. Во овие зони, во рамките на Дирекцијата напреавени се урбанистичките проекти, објавен тендер за основни проекти и наредната недела треба да заврши тој тендер и после рок на реализација би требал да биде до 31 мај. Тоа се проекти за електрифиакција, водоснабдување и гас, гасификација на овие технолошки индустриски развојни зони.

Откако ќе ги имаме сите овие основни проекти, ќе следи и фазата на изведба на овие проекти.

По однос на обемот за работа, распределбата на овие зони низ Македонија мажам да спомнам дека им а и други иницијативи за развој на зони. Овде ќе кажам дека зоната во Прилеп со Просторниот план на Република Македонија има предвидено индустриско технолошко развојна зона во Прилеп, Ѓевгелија Струмица, има иницијативи за Крива Паланка, Кичево и Струга.

Со други зборови можам да кажам дека со овој предлог на измена на Законот за индустриско технолошки развојни зони ќе се зајакне капацитетот на оваа институција и дефакто ние ќе имаме инстиутција што може да ги реализира предвидените програми за 2008 година и натаму за привлекување на инвестиции во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски**:Благодарам претседателе.

Сакам да го прашам нешто господинот министер. Не согласувам со вас дека ова ќе донесе цитирам: “ го правите ова, го предлагате за да се донесат повеќе инвестиции во Република Македонија”. Ако едно работно место ќе донесе повеќе инвестиции во Република Македонија, ве молам дајте да бидме сериозни тука, затоа што таква работа не држи, особено да каже еден министер кого лично го почитуван од еден претходен состав.

Потоа зборувавте за финансиските импликации. Господине премиер дали знаете дека пред две седници имавме донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот на стручно образование и обука каде што го прашав претседателот на Собранието како може да Владата, чиј што вие сте денес претставник, ни предлага исто заменичко место. Знаете што пишуваше во тој закон, дека нема да има финансиски импликации. Вие денеска зборувавате токму за тоа дека нема, меѓутоа затоа што има веќе тоа место. Значи, тоа место тој човек, тој заменик зема плата, а Владата не убедуваше претходно дека тој што ќе работи како заменик нема да зема плата.

И на крај сакам да ве прашам дали сте вие претставник на Владата која што вети дека по острите критики од страна на Европската унија односно Еврпоската комисија, а визави извештајот што за две недели односно три ќе го добие Република Македонија, кажавте дека повеќе нема да предлагате во Собранието закони по скратена или по итна постапка. Ова е класичен ваков пример.

Јас минатиот состав се кладев со парламентарното мнозинство во три работи. Најавив дека овој тренд на нови работни места односно нови партиски вработувања ќе продолжи за две седмици. Опкладата веќе ја добив, никој не ми ја исплаќа сега за сега. Второ, се кладев дека ќе биде партиско вработување ќе биде од ДУИ. Тоа уште го чекам затоа што не знам дали го набележавте она, го вработивте односно го исполнивте она претходно место за кое што зборев, меѓутоа се кладев и за финансиските импликации, вие денеска го дадовте одговорот.

Моето прашање до вас е дали вие навиостина сметавте дека ова работно место ќе предизвика повеќе инвестиции за кои и покрај колумните на господинот Ставрески со наслов:”Први во регионот”. Јас ќе ви кажам дека сме последни во регионот според странски инвестиции, вие го знаете подобро од мене, впрочем почитуван министер.

Второ зошто велите дека ги почитувате забелешките, ги прифаќате забелешките од страна на Европската комисија односно Европската унија, а сепак непосредно пред довивањето на извештајот, упорно и упорно повторно во Собранието на Република Македонија ни стигнуваат закони по скратена постпака. И нема да ве прашамандман дали ќе кандидатот од ДУИ, затоа што одговорот го знаеме и јас и вие и сите пратеници и сите министри и премиерот Груевски и се разбира македонската јавност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика министерот за економија, повлетете.

**Фатмир Бесими**:Благодарм претседателе.

Почитуван господине Жерновски,

Вашето укажување дека со едно работно место ќе се зголемат инвестициите јас така не кажав. Да, одоговорот е да. За секое работно место ако имаме квалитетни кадри ќе придонесеме за нови инвестиции.

Кажав дека зајакнување на инвестициите за привлекување на странски инвестиции, тоа ќе го постигнат ако е тоа наша цел.

Од аспект на фискланите импликации, сакам само да појаснам накратко дека со овие измени на законот, со закон да се регулира работното место, односно инстиутцијата заменик директор што сега и во претходниот период и порано имало заменичко место во таа институција, така што нема фискални импликации. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави претходно господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Добро е што министерот сакаше да одговори на нашите прашања. Сега навистина не е јасно како постоел заменик директор, по систематизацијата претпоставувам дека немало таква функција во Дирекцијата за индустриско технолошко развојни зони и тој примал плата, претпоставувам како заемник директор, а сега само треба да му дадеме законска форма.

Второ, не ми се допадна тоа што министерот се обиде да ја внесе и претходната како колегите од ВМРО ДПМНЕ 2002-2006 кога и тие беа дел од таа владина колаиција. Ако сега ја тераме така работата, јас не сакав преска да зборувам, ако се сетиме на историјата на Бунарџик и кој таму ставаше лопати со црвени панделки и што ветуваше тогаш, тогаша овдека ќе имаме еден посебна седница за дебата како претходната Влада ВМРО ДПМНЕ во Бунарџик правеше фестивали, се сликаа и ветуваа дека тоа ќе биде економскиот рај во Република Македонија и дека ќе дојдат една милијарда инвестиции. Но, тоа не е начин на размислување.

Ние сакаме за постојниот концепт на Владата да зборуваме за привелкување на странски инвестиции преку индустриско технолошки развојни зони.

Сега министерот најавува технолошко индустриски развојни зони во секоја општина, што е повторно несериозно. Дали тоа го правиме колку да се каже дека нешто правиме, аво реалноста нема никакви резултати. Имавме еден концепт- факултет во секој град па видовме дека сега кога заврши уписната политика, дека многу од тие факултети се неатрактивни и погрешна е проценката. А, праи се предвидени. Ќе се потрошат средства а ќе немаме резултаи.

Затоа господине министре, Владата треба сериозно да размисли околу коцептот на привлекување на странски инвестиции или воопшто за создавање клима за инвестирање во Република Македонија. мислам дека многу повеќе на странските инвеститори им пречи политичката нестабилност што ја емитираме постојано, постојаното менувањето на законите, отколку што навистина е пречка дали технолошко индустриски развојни зони се повеЌе или помалку уредени. На тоа поле треба сите да работиме ако сакаме да бидем привлечна дестинација за инвестирање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави министерот за економија, повелете.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе.

Почитуван господине Николов, само да кажмилиони доколку се зголемат инвестициите, ќе се подобри економската состојба во Република Македонија. Ќе добијата граѓаните. Тоа сите го сакаме.

Моето укажување на ова од 2005 па наваму беше да дадам одговор од аспект на некои конктретни бројки за динамиката на работењето што е како одговор на фискалните импликации. Зато дискусијата отиде таму дека нема потреба од дополнителни фискални импликации, и само се обидов да кажам дека нема и потоа дека обемот на работењето на оваа дирекција, визави претходниот период е зголемен.

Тоа е главнот укажување поради што го предлагем овој закон и даваме дополнително објаснување до пратениците и грашаните. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрепена листата напријевени за збор констатирам дека претресот е звршен.

На Собранието му предлагам следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за усвојување и дополнување на Законот за технолошко индустриски развојни зони.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, од нив за гласаа 53 пратеници, воздржани нема, против 7 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Во салата биле присутни 66 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. За гласаа 53 пратеници, воздржани нема, против гласаа 7 пратеници.

Молам службите да го утврдат точниот број на пратеници присутни во салата.

Во салата има во моментот 71 пратеник, инаку беа повеќе од 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по тексто на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на воведната реченица на член 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Марјанчо Николов, Андреј Петров, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ поднесоа амандман за бришење на членовите 1, 2 и 3, по кои Владта не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова-Каревска поднесе амандман за бришење на членовите 1, 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Андреј Петров, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија, повелете.

**Фатмир Бесими:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандамнот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

По амандманот се пријави и има збор господинот Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам почитуван претседателе.

Не ни очекував дека почитуваниот министер за економија ќе го прифати нашиот амандман, но искрено сум испровоциран од претходните дискусии, посебно негови, па ќе се обидам сосема кусо без притоа да ја кочам преродбата која што очигледно многу успешно се одвива и граѓаните ги чувствуваат ефектите од нејзината имплементација.

Не се согласувам со почитуваниот министер дека ваквата законска промена нема да има финансиски импликации кои нема да одат на товар на граѓаните. Прво, ако досега функцијата заменик директор ја обавувал некојси вработен во рамките на оваа Дирекција, согласно овие измени истиот статус можеби на државен службеник ќе добие статус на именуван владин функционер, кој освен платата во иднина евентуално ќе користи и апанажа која граѓаните ќе треба да ја исплаќаат од своите џепови. Не се согласувам истовремено дека СДСМ упорно само нешто критикува без притоа да даде алтернатива за одредено законско решение. Кога веќе долго време во оваа дирекција некој ја обавувал функцијата заменик директор, а има статус на вработен, зошто тој принцип да не продолжи и понатаму. Мислам дека фактот што во причините за донесувaето на законот велите дека на заменикот, во случај на спреченост на директорот на Дирекцијата да ја врши својата функција кога тој е отсутен поради болест и други причини, во суштина покажува кои ќе бидат надлежностите на заменик директорот. Тој ќе го заменува директорот кога е отсутен поради болест и некои други причини и мислам дека така ќе заштедиме зашто обемот на постоечките технолошко индустриски развојни зони во Македонија не се толкави за да зависи од заменикот директор колку инвестиции ќе се донесат во Република Македонија.

Меѓутоа, сакам вам да ви поставам едно друго прашање кое е суштинско. Го почитувам господинот Сафет Незири кој што кажа јавно дека ова е продукт на одреден политички договор. Меѓутоа, не можам да разберам еден друг феномен. Еве, ќе ја земемме Агенцијата за цивилно воздухопловство, таму донесовме измени на законот и таму заменик директор постои како функција во сиот изминат период, а Владата нема именувано заменик директор во сите изминати 20 месеци.

Сакам да ви поставам прашање дали во Агенцијата за цивилно воздухопловство која што се грижи за безбедноста во воздушниот сообраќај во Република Македонија не мислите дека треба да направите политички договор во кој некој кадар на ДУИ, во случај на спреченост или болест на актуелниот директор, ќе треба да одлучува за многу суштински и многу важни прашања од кои зависи безбедноста во воздушниот сообраќај.

Токму затоа, ние го поднесуваме овој амандман бидејќи со ова што ви го кажувам сега дека во Агенцијата за цивилно воздухопловство 20 месеци нема заменик директор, докажува дека ваквиот предлог е повеќе од апсурден. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Почитуван колега, јас вас ве разбирам и добро е да го оставите телефонот и да ме слушате. Мојата реплика е во однос на вашиот говор. Јас се согласувам дека има дирекции кои сеуште немаат заменици директори. И се согласувам со вас дека треба што поголем број дирекции треба да работат во таа насока. Се согласувам со вас во тоа што мислите дека треба да бидат во корист на Република Македонија, но никако не можам да се согласам со вас и не можам да ве разберам да прејудуцирате и да зборувате на погрешен пат дека се говори за позиција на некој кадар на ДУИ. Може да биде кадар од истата партија од која сега во моментот е заменик директор. Не можете да прејудицирате пред да се направат некои работи и не знам што е толку трагично ако имаме лица од една или друга партија. Вие знаете дека коалицијата ВМРО-ДПМНЕ има повеќе политички партии и не треба да прејудицирате само во однос на ДУИ дека само тие инсистираат да биде нивен човек. Мислам дека не треба да се фаќате таму каде што не ви е местото и вашиот интелектуален капацитет на вашата пратеничка група треба да го искористите на поинаков начин, да ги разберете нештата поинаку, да ги објасните нештата поинаку, како силна интелектуална основа што ја има вашата група. Но за жал не го користите тоа, не го користите за да ја убедите јавноста надвор од Парламентот за вашите политички опции. Јас разбирам дека опозицијата има обврска да ја корегира Владата и мнозинството, но немојте да се фаќате само за една работа, говорите за ДУИ и точка, има финансиски импликации и точка. Јас реков и претходно, сосема е нормално дека живееме во политички плурализам, да има лице од една или од друга партија и сосема е нормално кога отсуствува директорот на некоја дирекција да се замени со заменик директор, од причина што ако се говори за една дирекција од големо значење, нормално дека се очекува да има екипа како дирекција и ако отсуствува еден, ќе го замени другиот, ќе ги пречекува инвеститорите, ја олеснува работата и функционира дирекцијата. Досега укажуваме со сугестии, значи нешто не функционира и укажуваме како да го подобриме системот на функционирање на државата почнувајќи од дирекции до Владата, но за начинот и обликот мислиме дека еден од начините е овој, но не да обвинувате и да не оспорувате, а да не нудите алтернативи. Треба да понудите прифатливи алтернативи, за да ве поддржам навистина и јас како дел од ова мнозинство. Ќе ви

дадам збор ако имате алтернативи, јас ќе ве поддржам, без оглед дали се говори за амандмани или за закони.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Почитуван колега пратеник,

Мислам дека апсолутно не сте ме разбрале во дискусијата. Вие на крајот на краиштата сами рековте дека се работи за политички договор и апсолутно немам намера во мојата дискусија да прејудицирам дека идниот заменик директор ќе биде од ДУИ.

Во исто време, ве замолувам да не навлегувате или дискутирате за интелектуалниот капацитет на пратеничката група на СДСМ. Мислам дека ќе требаше малку поинаку да разговарате или да објасните зошто на пример вчера на тој 12-часовен пренос на седницата на пример никој од вашите министри не го поддржа предлогот на почитуваниот министер Муса Џафери во делот на локалната самоуправа, но тоа ќе дојде во Собрание и ќе расправаме.

Меѓутоа, сакам едно нешто да ви кажам. Се колнете, односно оваа власт се колне во анкетите кои ги прави Американскиот републикански институт, но само да ви кажам дека политиките на оваа Владата не ги почувствувале 64% од граѓаните или на 10 анкетирани граѓани, 7 граѓани не почувствувале ништо од политиките, а веројатно тие три ќе бидат некои роднини блиски на власта.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е изцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 3 пратеници, воздржан нема, против гласаа 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Андреј Петров, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Андреј Петров, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија, повелете.

**Фатмир Бесими:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандамнот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника. Од нив за амандманот гласаа 8 пратеници, воздржан 1, против гласаа 53 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Андреј Петров, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Андреј Петров, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија, повелете.

**Фатмир Бесими:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандамнот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 8 пратеници, воздржан еден, против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Андреј Петров, Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 1, 2 и 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија, повелете.

**Фатмир Бесими:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандамнот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријави и има збор госпоѓа Топузова-Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван министер за економија, почитувани колеги пратеници,

Овој амандман е скоро идентичен со претходните три амандмани кои не се усвоија. За непотребата од ова работно место јас говорев и во мојата

дискусија и останувам на тоа дека се работи сеуште и понатаму за едно партиско вработување за заменик директор и секако уште две најмалку, секретарка и возач на заменикот директор и употреба на службеното возило. Но очигледно е дека нема да помине и овој амандман, како што не поминаа и претходните.

Со цел почитуваниот колега од ДУИ не ни држи лекции како треба да се однесува опозицијата и што треба да правиме и која е нашата работа, мислам дека најголем број на пратеници добро си ја обавуваме својата работа.

Со цел вие да не ги деконцентрирате пратениците, некои пратеници од парламентарното мнозинство во решавањето на крстословки, читањето на весници, играта на компјутери и да ги терате да гласаат, јас го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодараме многу.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 54 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони.

**Минуваме на точка 17. - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за складирање и заштита од запаливи течности и гасови, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор беа пријавени заменикот министер за внатрешни работи и господинот Ќуркчиев Никола.

Има збор заменикот министер за внатрешни работи, повелете.

**Џеват Бучи:** Почитувани пратеници,

Со предложените измени во однос на дополнување на законот за складирање и заштита од запаливи течности и гасови ќе се овозможи и функционирање на станици за снабдување со гориво без посада односно бес персонал. Значи, со овие нормативни интервенции се елиминираат правните пречки и се создава законска можност за воведување на ваков систем на функционирање во Република Македонија.

Исто така, со воведувањето на овој систем се остварува заложбата на Владата на Република Македонија за следење на модерните текови во однос на технолошко техничките иновации, а исто така, се остварува и поволна бизнис клима во државата. Воедно, причина повеќе за воведување на овој начин на употреба на овие станици е и фактот што истите ќе им се нуди на граѓаните услуги нон стоп 24 часа на ден. Бидејќи се работи за специфични објекти, ризични објекти за работа, а со цел отстранување на секаков ризик кои го носат овие објекти од ваков карактер во законскиот текст е предвиден и основот за донесување на подзаконски акти, односно Правилник кој ќе ги регулира овие односи подетално односно поконкретно.

Со тоа Министерството за внатрешни работи, после влегувањето во сила на овој закон во рок од 30 дена ќе донесе посебен правилник односно правилник за безбедност и заштитни услови за работењето на овие станици за снабдување со гориво без посада. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер, СДС ќе го поддржи носењето на овој закон од причини кои што веќе заменик министерот ги образложи. Значи и ние се придржуваме, се вклучуваме во тоа во Република Македонија да се воведе воспсотавување на една правна рамка за работа на станици за снабдување со гориво без посада односно се воведува принципот на самопослужување на бензиските станици.

Ова навистина само по себе значи воведување на една новина, меѓутоа, од оваа дејност се приближуваме до праксата на поразвиените, другите европски држави. Но, од друга страна исто така се бара зголемена безбедност на станиците за снабдување со гориво. Оттука, како што спомна и заменик министерот, има посебна важност подзаконскиот акт кој што треба да биде донесен во рок од 30 дена и кој што треба поблиску да ја регулира оваа материја. Тоа е така, заради тоа што во членот 24 од постојниот закон вели дека, член 24 “утврдено е дека работи на складирање и дејствија сврзани со складирањето на запаливи течности и гасови, можат да вршат лица кои се што се стручно само оспособени за такви работи”. Од предлог законот се предвидува подзаконскиот пропис кој што е предвиден, по донесување на овој закон во рок од 30 дена да биде донесен, меѓутоа, јас исто така и на Комисијата спомнав дека во образложението во глава пет, предлагачот каде што се

дефинираат тези на подзаконски акти кои произлегуваат од предлогот за донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за безбедност во сообраќајот и на патиштата и се предвидува носење правилник за безбедносните и заштитни услови за работење на станици за снабдување со гориво без посада, јасно и очигледно е дека предлагачот на законот направил грешка. Претпоставувам дека тоа е, почитуван заменик министер направена грешка од вашите соработници, кои што работејќи на компјутер, им останал насловот од законот за безбедност на сообраќајот на патиштата со Предлог на закон. Ако остане вака ќе има проблем. Токму од тие причини јас како член, заменик член на Законодавно-правната комисија зборував на оваа тема и очекував денес вие да реагирате и тоа да биде исправено. Бидејќи, навистина, се работи за очигледна грешка. Не може да стане з бор за правилник кој ќе произлезе од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, туку токму од денешниот, значи предметниот закон, кој што во случајов сите даваме поддршка и денес ќе го промениме, а тоа е Законот за складирање и заштита на запаливи течности и гасови. Очекувам и во материјалот во законот грешката нормално да биде отстранета. Како и да е при носење на овој правилник, треба да се биде многу претпазлив и да се предвидат сите мерки на безбедност кои се потребни во ваков случај, пред се, поради фактот што досегашните обучени работници на станиците за гориво ќе ги заменат граѓаните односно самите корисници, обичните граѓани, за кои точењето на запаливи течности и гасови ќе биде новина со која што тие прв пат ќе се судрат односно ќе се соочуваат. Од тие причини многу е важен овој правилник кој што треба да го донесе министерот за внатрешни работи и особено велам ќе биде потребно да се поправи грешката која што е всушност направена во овој предлог закон.

Уште еднаш повторувам дека ние како пратеничка група ќе го поддржиме носењето на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за дополнување на Законот за складирање и заштита од запаливи течности и гасови.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлог на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам на гласање.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 пратеници гласаа за Предлогот на законот.

Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за складирање и заштита на запаливи течности и гасови.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,25 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што, мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се јавија министерката за култура, госпоѓа Роза Топузова Каревска, госпоѓа Лилјана Поповска, госпоѓа Мехмети Ермира, господин Оливер Шамбевски, госпоѓа Весела Стоева, господин Сафет Незири и господин Васко Шутаров.

За ова ќе добиеме листинг на пријавените.

Има збор министерката за култура госпоѓа Елизабета Канчевска Милевска, повелете.

**Елизабета Канчевска Милевска:** Благодарам претседателе.

Ќе истакнам дека основната причина за донесување на Законот за Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење е потребата од надминување на состојбите во поглед на преодниот режим, односно привремениот статус на Старата скопска чаршија и подведување под режим на трајна зашита како културно наследство од особено значење за подкатегорија големо значење.

На територијата на Република Македонија се наоѓа богато културно наследство од најразличен вид и период на настанување со инзвонредни историски, уметнички, научни и слични вредности.

Културното наследство со кое располага Република Македонија, претставува едно од нејзините најзначајни вредности, а во таа насока е една од примарните обврски на државата да создава правна основа за регулирање на заштитата, користењето и презентирањето на културното наследство.

Старата скопска чаршија во денешниот изглед настанала во периодот од 15-тиот до 20-тиот век врз делови на постара урбана структура.

Според нејзините типолошки карактеристики таа спаѓа во категоријата сложени чаршии од средновековен ориентален карактер. Во нејзиниот состав се наоѓаат и голем број профални и сахрални мономентални објекти.

На територијата на Република Македонија таа е најголемата чаршија од средновековен ориентален вид.

Заради своето значење и вредности Старата скопска чаршија била заштитена како споменик на културата со решение на Заводот за заштита на споменици на културата.

Основна причина за донесување на Законот е потребата од надминување на статусот на Старата скопска чаршија, како привремено заштитено добро и воспоставување на заштита на начин пропишан во Законот за заштита на културно наследство.

Со законот чие донесување се предлага, се уредуваат клучните прашања во поглед на практичните аспекти на заштитата на споменичката целина, Стара скопска чаршија. Со законот се врши идентификација на односното добро, особено во поглед на неговиот назив, категорија, граници и контактни зони, како и соодветниот режим на заштита, управувањето со заштитеното добро и слично.

Заради критериумите кои ги исполнува документираност, старост, разновидност, интегралност, впечатливост и повторливост, Старата скопска чаршија се катогоризира како културно наследство од особено значење под категорија големо значење.

Преку утврдениот режим на заштита се врши спречување на дејствија, појави и влијанија со кои се врши, или може да настане оштетување, уништување или деградирање на споменичката целина и се овозможува трајно зачувување на историските, уметничките, архитектонските, урбанистичките, амбиенталните, етнолошките, социолошките и други научни и културни вредности и нејзината автентичност, единственост, разновидност, интегралност, старост и други слични својства, содржини и функции.

Заради координирано реализирање на заеднички иницијативи, акции или проекти за заштита, уредување, користење и ревитализација на Старата скопска чаршија, Владата на Република Македонија основа Национален совет за ревитализација на Старата скопска чаршија, како кординативно и советодавно тело на Владата на Република Македонија, кој е составен од претседател и десет членови.

Заради оспособување на Старата скопска чаршија да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естецките, економските, туристичките и дугите потреби на граѓаните, Владата на Република Македонија на предлог на Националниот совет донесува Програма за ревитализација на Старата скопска чаршија за период од пет години.

Надзор на спроведувањето на овој закон врши Министерството за култура. Се цени дека со донесувањето на законот што се предлага ќе се обезбеди повисок степен на индивидуализиција на споменичката целина, што е предмет на заштита, како и дека самиот закон како акт за заштита, ќе претставува дополнителен основ за практично остварување на посебната заштита на Старата скопска чаршија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке за култура.

На самиот почеток сакам да изразам задоволство што конечно овој закон се најде во собраниска процедура и мислам дека е добро да биде донесен еден ваков закон, затоа што Старата скопска чаршија заслужува со закон да биде заштитена, а не само како привремена заштита, како што беше до сега.

Но, пред да поминам на законот, јас би сакала дас кажам нешто околу генезата и да обрнам внимание со жалење на некои пропусти во ова време што е изгубено и што се дозволи Старата скопска чаршија да биде препуштена не само на забот на времето, туку и на одредени други дејствија од човечкиот фактор, значи да придонесе за нарушување на изгледот на ова значајно културно богатство.

Овој закон за жал, морам да кажам дека е заглавен во собраниска процедура, а не знам дали е само во собраниска, меѓутоа, многу одамна 2006 година беше изработен елаборат за ревитализација и тоа врз основа на Законот за

заштита на културното наследство, кој влезе во сила 2005 година.

Врз основа на тој елаборат беше изготвен и законот кој што требаше да биде донесен во текот на 2006 година. На избработката на елаборатот и законот му претходеше формирање на едно кординативно тело. Во ова кординативно тело учествуваа претставници и експерти од различни министерства. Значи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура, секако, независни експерти од асоцијацијата на архитектите итн. Ве молам, ако може малку.

Значи, како што кажав, учествуваа експерти кои што требаше да го изготват елаборатот. Меѓутоа, за жал, започнатите проекти и активности не стигнаа, не дадоа резултат се до денеска.

Исто така, заедно со Предлог законот од 2006 година беше изготвена програма за ревитализација на Старата скопска чаршија и тоа според мене претставуваше еден развоен стратешки документ, кој што ги проектираше активностите не само тогаш во тој момент, туку малку и подолгорочно до 2009 година. Оваа програма беше усогласена и прифатена од Кординативното тело за ревитализација при Министерството за култјра на Република Македонија и истата беше усвоена и од Владата на Република Македонија. Меѓутоа, за жал, заради отсуство на интерес за програмите за ревитализација, можам да кажам дека имавме и одредено пасивизирање на отпочнатите мерки и активности во овој период, настанаа значајни промени не само во јадрото, туку и во контактните зони на Старата скопска чаршија. Доволно е, нема потреба инспкциските служби на Министерството да излезат и да видат што се случува во Старата чаршија. Доволно е обичен посетител да направи една прошетка и ќе види дека во голем број се уништени дел од дуќаните, некои, забот на времето ги уништил, меѓутоа, уште потрагична ситуација имаме кога во петок се руши стариот дуќан, или пак се прави надградба, веќе во понеделник тој е готов за да нема време кога да интервенира Управата за заштита на културното наследство. Ова мислам дека е уште подрастично во контактните зони на Старата чаршија, ако видиме дека и повеќе катници никнуваат на местата каде што треба да бидат заштитените контактни зони. Сите овие бесправни интервенции ме интересира што ќе се случува понатаму со нив. Значи, мора да признаеме дека ние имаме направено, испуштено многу значаен период од 2006 година до сега и во тој период, не велам дека и претходно не, и претходно имаше вакви работи се случуваа, но во тој период кога беше изготвено и можноста да се донесе законот не го донесовме, многу работи и се случија на Старата чаршија така што на никого не му служат на чест.

Овие почетни забелешки што ги кажав во голема мера ги проблематизираат одредени членови во законот. Јас тука би сакала да го цитирам членот 7. Вели: “во Старата чаршија не смее да се менува постојната урбана средина, односно уличната мрежа, големината на блоковите и парцелите, отворените простори и слично. Да се градат или внесуваат индустриски и слични капацитети што придонесуваат за присуство на разни форми на загадување. Да се подигаат меморијални споменици и спомен обележја, што не се поврзани со настанувањето и развојот на Старата чаршија. Да се врши ископ на темели или подруми, ниту да се изведува кој било друг вид земјени или градежни работи итн”. За жал, ова сето се случуваше во изминативе години и добро е што нема да се случува во иднина. Се надевам дека законот ќе профункционира. Кон тоа би сакала да го цитирам и член 13, вели: “деталните урбанистички планови од член 6 од овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на донесување на законот” и член 14, вели: “Владата на Република Македонија го основа Националниот совет во рок од еден месец од денот на влегување во сила на овој закон. Владата на Република Македонија ја донесува програмата за ревитализација”. Со оглед на времето ќе морам да преминам. Сакав уште некои одредби од Законот да цитирам, но, немам време и затоа ќе поминам на прашањата кои што ќе ги упатам до почитуваната министерка. Мене ми се наметнува дилемата со каква содржина ќе бидат новите детални урбанистички планови, како ќе се почитува заштитниот режим предложен со Закон, посебно нагласувам во контактните зони во услови на целосно надминат степен на изграденост. Ние имаме надминат степен, почитувани колеги, на изграденост. Како ќе се оправда нефункционирањето на сите тела формирани пред 2006 година кои со донесувањето на овој закон, требаше да се грижат за неприменливоста на структурата, состојбата, автентичноста и заштитниот режим на споменатата целина, чија заштита овој пат ја регулираме со законот. Ова се многу сериозни прашања за кои што треба да се размисли, дали донесувањето на овој Закон по една толкава пауза не рефлектира врз донесувањето на новите детални урбанистички планови, внесувајќи и одредена некоректност во однос на нужните проблеми од тој домен. Тука значи, нема потреба да се обвинуваме и да ни биде виновна оваа или онаа гарнитура на власт, но ова се прашања за кои треба сериозно да се размисли. Сакам да поставам едно прашање, дали законот кој се предлага ги опфаќа измените кои се настанати во периодот од 2006 до денес во заштитното јадро и во контактните зони и доколку ги опфаќа, дали не сметаме дека со тоа се врши легализација на дивоградбите.

Овие беа прашањата кои што сакав да ги упатам до почитуваната минстерка. Уште еднаш ќе кажам, јас го поздравувам донесувањето на овој закон и сите напори на Министерството за култура кои што одат во насока на заштита на културното богатство, јас секако ги подржувам и ги

охрабрувам да продолжат и понатаму, но навистина, на овие прашања не смееме да останеме без одговор, затоа што се апсолутно сериозни за примената, имплементацијата на Законот кој што ќе го донесеме. Да не биде дека нешто неповратно е уништено и немаме сега како понатаму да се справиме со тоа. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

Јас најпрвин да го изразам огромното задоволство што пред нас се наоѓа Законот за Старата чаршија. Дури задоволство би било малку да се каже. Јас сум одушевена што го носиме законот за Старата скопска чаршија. Точно 9 години, јас сум една од поборниците на носење на ваков закон и мислам дека се создаде веќе во Скопје една атмосфера дека ваков закон е неопходен и дека Старата скопска чаршија ни треба и како враќање на духот кој што треба да го негуваме, како дел од нашето културно наследство, меѓутоа, и како место каде што ние можеме да сретнеме луѓе од различни етничко-верско потекло и секој да се чуствува како свој на своето. Затоа што Старата скопска чаршија го има токму тоа како специфика. Таму јас лично сум поминала голем дел од мојот живот, голем дел од мојата младост, верувам дека и многу други скопјани токму тоа искуство го имаат. Незаборавни се деновите и годините. Тоа не биле само денови, тоа биле години кога сме поминувале голем дел од својот живот во Старата скопска чаршија сосем спокојно релаксирано, опиени од духот на тие тесни уличиња на интимноста, на тие објекти и на духот кој што таму владеел. Еден дух на отвореност, на толерантност на зближување на луѓето меѓу себе не зависно кој од каде дошол. Тоа било интересно и за нас, како луѓе скопјани што живееме тука, но тоа било од секогаш интересно и за туристите. За жал, се случи така што до пред некое време некако туристите беа повеќе заинтересирани за Старата скопска чаршија, отколку ние самите. Секогаш ми било криво и секогаш сум се обидувала и јас со еден скромен придонес да повлијаам за тоа да се одржи интересот за Старата скопска чаршија кај нас самите. Затоа што овие изминати 9 години за Старата скопска чаршија беше формирана една широка граѓанска коалиција за нејзина ревитализација, за нејзино враќање во живот и за внесување во секојдневниот наш живот. Во таа широка граѓанска асоцијација влегоа и занаетчиите, еснафите од Чаршијата, влегоа и невладините организации и архитекти и уметници и граѓани од најшироко милје, кои што сметавме дека ова навистина ни треба. Затоа не можам доволно да го искажам своето одушевување што овој закон е донесен и сакам да ги искажам своите честитки на министерката Елизабета Канчевска Милевска, што имаше доблест и доволно силна волја и политичка волја секако, спремност во себе за да го постави овој закон пред нас. Оваа е голема придобивка за културата во Македонија и оваа е голема придобивка за Македонија како држава.

Јас имав прилика пред извесно време да ја посетам Круја во Албанија, токму во посета на Старата чаршија во Круја што е еден од приемрите во Европа како успешно се негува Старата чаршија и тоа беше во рамките на една широка кампања што телевизијата А-1 ја поведе, во која на драга воља учествував, бидејќи сите што бевме тука верувавме дека треба да го одработиме, за одржување на будноста на граѓаните за ревитализација на Старата чаршија. Во таа посета на Круја, покрај тоа што се воодушевив од тоа како е тоа направено, забележав дека има јасн аподелба на надлежностите. Се знае што е надлежност на општината, тоа е да си тече бизнисот, да биде организиран комуналниот ред, дисциплина и т.н., а што е надлежност на државата. Државата комплетно под свое ја има заштитата на културното наследство и менаџирањето генерално, на чаршијата. Значи дојдов до ова место за да кажам дека имам впечаток дека во нашиот закон можеби, ќе треба тоа и да го видиме, впрочем, во текот на годините и на примената. Можеби со текот на времето ќе треба попрецизно да се разграничат мадлежностите. Не сум сосема сигурна дека и сега во моментот ни е јасно како сите елементи ќе функционираат. Но, важно е законот да го имаме пред нас, па според програмата, за година дена ли, две години, ќе се види каде треба нешто да се доработи. Сега само укажувам на тоа за да обрнеме внимание затоа што имам впечаток дека надлежностите ќе се испреплетуваат и некаде можеби нема да се почитуваат институциите.

Според законот предвидено е општините Чаир и Центар на чија теротирија се наоѓа Старата скопска чаршија, да бидат одговорни за надлежностите за кои така пишува во законите за локална самоуправа, а пак за културното наследство институциите се надлежни. Но, ние во изминатите години имавме неколку случаи кога се покажа дека општините не секогаш сакаат да ги послушаат институциите за заштита на културното наследство, како да не ги чувствуваат дека се доволно јака институција, условно кажано, или институција која треба без поговорно да се слуша и можеби во тие рамки да имаме некој проблем и да размислиме понатаму со подзаконски акти како да се воспостават практични механизми за тоа да функционира. Инаку во оваа прилика сакам да го искажам својот став кој многу пати сум го искажувала.

Мислам дека ќе беше можеби, исто така, добро Старата скопска чаршија да биде под надлежност, воонОј дел каде што е комуналната сфера во прашање, на градот Скопје. Тоа беше во еден период кога јас работев во градот Скопје и

мислам дека тоа беше една добра можност за сеопфатен третман на Старата скопска чаршија. Меѓутоа, тоа е само како варијанта. Сега го имаме ова и да гледаме да направиме добри механизми што ќе функционираат.

Јас сакам да дадам само една забелешка за составот на Националниот совет за ревитализација на Старата скопска чаршија. За жал, не поднесов амандмани, тоа е мој пропуст, не бев во можност во периодот кога се поднесуваа амандманите, меѓутоа мислам дека би треало во една следна прилика да помислиме за евентуално дополнување на овој национален совет за ревитализација на Старата скопска чаршија. Имено, забележувам дека има двајца претставници од општината Чаир, еден претставник од општината Центар, а нема ниту еден претставник од градот Скопје. Мислам дека би било добро и логично да има и од градот Скопје. Освен тоа и не гледам зошто иам двајца од општина Чаир и еден од општина Центар, не ми е тоа јасно како прашање.

Второ, гледам дека има претставник од Здружението на занаетчиите на Чаир, но нема ниту од Здружението на општина Центар, ниту од Здружението на занаетчиите на градот Скопје, а тоа е централно здружение и практично најјакото здужение на Македонија. Од тоа Здружение и почна, во едни многу важни сегменти, ревитализацијата на Старата скопска чаршија, преку соработката со Германија, во проектот со Занаетчиската Комора Закоблен. Така што, токму ова Здружение на занаетчии на град Скопје беше носител на тој голем повеќекогишен проект што Германците огромна услуга ни направија и каде што се донесе и Законот за занаетчии и Занаетчиска Комора и редица проекти и едукации за занаетчии и т.н. Така што навистина ни е необично Здружението на занаетчии на град Скопје да не е во овој Национален совет. Таму му е седиштето и е извонредно влијателно.

Понатаму, гледам дека се спомнати верските заедници, МПЦ, Исламската верска заедница и тоа е секако во ред, меѓутоа мене ми фали Еврејската верска заедница. Да не заборавиме дека сеуште има многу места кои припаѓаат, многу локалитети, на Евреи, некои кои се тука, некои кои се надвор од Македонија, но тоа е еврејски имот и мислам дека секако требаше и во иднина треба и ЕВЗ да биде на некој начин вклучена во составот.

Тоа би биле воглавно сите мои забелешки за кои сакав да кажам.

Имам една нејаснотија за која би барала одговор. Имено точките 7 и 8, не гледам дали се точно напишани, дали е техничак грешка. Пишува, претставник од националната установа, Национален конзерваторски центар Скопје и под точка 8, претставник од националната установа Конзеваторски центар Скопје. Дали тука постои разлика, изгледа како да е техничка грешка.

И уште на едно прашање ако може да мис е одговоир. Имено ме интересира дали територијата што сега е опфатена под Старата скопска чаршија се софпаѓа со ДУП за Старата скопска чаршија кој одамна е изготвен, бидејки тоа е базичен документ за вакви споменици, затоа што се сеќаваме дека териотијата на Старата скопска чаршија беше пресечена, некако беше надвор од ДУП-от, а со Законот за град Скопје во 2004 година, јас тогаш иамав амандман заедно и со архитектот Грчев, со тогашната заменик министер за култура Корнети, се обидовме да повлијаеме да се исправи таа грешка во тој закон. Меѓутоа во тој момент, за жал немаше разбирање за тоа да се стори.

Тоа се моите неколку ситни рпашања и забелешки што верувам во една следна прилика ќе можеме да ги исправиме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Елмира Мехмети, повелете.

**Елмира Мехмети:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници,

Бидејки јас доаѓам од општина Чаир, сосема е природно да имам и доза на селективност што се однесува до Старата скопска чаршија,

Сакам да говорам за три елементи или пак аспекти од законот кој денес е на јавна расправа.

Првиот елемент е во однос на целта или намерата за донесување на законот за прогласување на Старата скопска чаршија како културно наследство од особено значење.

Вториот аспект е во однос на значењето на усвојувањето на овој закон.

Третиот аспект е во однос на европскиот контекст и управувањето и менаџирањето со културните разноликости.

Мислам дека создавањето на една законска рамка за која дискутираме денес има за цел да стави под институционална заштита еден монументален историски културолошки комплекс кој е поставен во центарот на Скопје.

Мислам дека понуденото решение за кое се преговараше долго време и наидуваше на неколку пречии во текот на преговарањето, сепак создава или нуди еден предлог текст кој одговара на потребите на времето. Тие исти барања во текот на времето еволуираат и се менуваат и никогаш не можеме да претендираме дека ќе дадеме решение кое ќе биде одржливо и непроменливо.

Мислам дека преку создавањето или основањето на националниот совет за ревитализација на Старата скопска чаршија кој предлог се дава со овој текст, целта е да се отвори пат за вистинска заштита и за создавање на еден поинаков имиџ, добар имиџ за ова културно наследство. Мислам дека вредат сите забелешки кои беа дадени до рпетхдоните говорници за тоа во каква актуелна состојба се наоЃа Старата скопска чаршија.

Јас мислам сите ќе се согласиме со тоа дека не може и не треба вината д аја бараме само кај едната или другата политичка гарнитура, туку, за жал токму кај една тенденција која сепак останува или треба да се нарекува систематска тенденција за оставање на страна од државен третман на едно богатств, големо богатство на главниот град на Република Македонија. Во овој контекст мислам дека сепак составот на Националниот совет претставува добар баласт или рамнотежа на сили, на установи, на авторитети кои имаат што да кажат и кои ја познаваат историјата и развојот на Старата скопска чаршија. Мислам дека не треба да го гледаме како тенденциозно, туку напротив како фер решение фактот дека општина Чаир ќе има двајца претставници додека пак општина Центар ќе има еден претставник од фактот што погоелмито дел од чаршијата, вака или онака припаѓа токму на општина Чаир.

Третиот аспект или пак третата цел според мене е што преку Програмата за ревитализација на чаршијата да се оспособи овој мономентален комплекс за исполнување, значи за исполнување на културолошките, научните, образованите, естетските, туристичкит еид ругите потреби на граѓаните на град Скопје и нормално на посетителите кои доаѓаат од надвор.

Што се однесува до значењето на овој закон, мислам дека донесувањето на законот претставува значаен придонес во настојувањето или напорите на државата, на установите државни да покажат, да демонстрираат искрена посветеност кон заштитата на сите културолошки вредности и отука кон заштитата на сите култури во Република Македонија.

Почитувани пратеници, Старата скопска чаршија не е ексклузивно албанска, не е ниту ексклузивно македонска, не е ниту турска, ниту е Влашка.напротив Старата скопска чаршија претставува мозиак на култури на занаети и традиции кои заедно докажуваат за староста на стариот град за култивирањето на вредностите и за соживотот на културите низ вековите.

Денес во Старата скопска чаршија ние практично го гледаме духот односно ја гледаме душата на еден начин на живот кој го карактеризира нашето општество. Во Старата скопска чаршија сеуште делуваат некои од поранешните форми на организирање на општеството. Тука се наоѓа еснафот на чаршијата, тука се занаетчиските друштва, тука е Академијата на науките и други установи. Истовремено имаме и анови, имаме и амами кои датираат од прввиот период на создавањето на чаршијата и потоа и понови мономенти како што е Портата на влезот на чаршијата и споменикот на Скендер Бег, зошто не.

Посебното значење на усвојувањето на овој закон е што државата ја признава потребата од ставање под институционална заштита и на мономентите и на другите култури.

Сакам да истакнам дека културолошкиот препород во мултиетничките држави никогаш не може да се смета целосно до колку таа не е сеопфатна. Значи не е само препородот на културата на еден народ, тоа е препород на културата на државата.

Другото значење со усвојувањето на овој закон е што денес почнува рушењето на лошите митови за Старата скопска чаршија. Старата скопска чаршија веќе не е место, локација во главниот град од која ќе се плаќат граѓаните, посебно од кое ќе се плашат токму нашите сограѓани кои припаѓаат на мнозинската етничка заеница.

Сосема на крај ќе зборувам за европскиот контекст.

Денес признавањето на диверзитетите претставува предизвик без преседан, без разлика дали се работи за Европа или другите западно европски држави. Западните држави и посветуваат посебно значење на овие културолошки знаменитости. Многуетничките држави,како што е нашата, имаат потреба од државната стратегија за перманенто култивирање или обезбедување на дијалог меѓу културите.

Симболично сакам да верувам дека законот кој Ќе го донесеме денес е предговор за една таква стратегија која треба да се гради и треба да се зајакне и постојано да се приспособува на потребите на времето.

Почитувани пратеници, Старата скопска чаршија е наша заедничка вредност. Во нашата битка за зајакнување на нашиот државен идентитет ние сме обврзани да ги искористиме сите наши аргументи. Во овој контекст неотуѓиво е задолжително да истакнеме дека различните идентитети на државата заедно го градат нашиот посебен државен идентитет. Старата скопска чаршија треба да се прифати, да се признае, да се третира и да се заштити токму како еден значаен елемент на нашиот државен идентитет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавена госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Благодарам.

Внимателно ја сослушав мојата колешка и нејзиното излагање, како што рече, го поддржа во три елементи. Но, би рекла дека го заборави четвртиот елемент, безбедноста кој е значаен елемент за граѓаните на Скопје како и на сите други кои ја посетуваат Старата скопска чаршија. Освен тоа би рекла дека госпоѓицата спомна дека имаорганизации, здруженија и установи кои функционираат во Старата скопска чаршија, но би сакала да ја прашам дали тие имале консултации токму со еснафот, бидејки не бара многу размислување дека овој Предлог закон или прогласувањето на Старата скопска чаршија како културно наследство од особено значење е заштитено од законски аспект и тоа нешто е за поздравување. Се заштитува од археолошки

аспект, културен и т.н. Но, дали расправаме и дали ги имаат земено предвид жалбите токму од еснафот во Старата скопска чаршија дека Предлог законот за Старата скопска чаршија нема никаква врска со економскиот аспект и економската безбедност на функционирањето на Старата скопска чаршија.

Тие велат дека пред 20 година 20 илјади граѓани беа вработени во Старата скопска чаршија, додека денес бројот на вработените е драстичнонамален и дека има потреба за правилно функционирање на оваа чаршија.

Исто така госпоѓицата го спомна Националниот совет на Владата и составот на овој Совет. Но да кажам дека балансот кој таа го спомна , балансот на институциите, кој е направен, мислам дека не е на место, бидејки токму отсуствува претставник на Институтот за културното и историското сочувување на албанците. Тоа е Институтот кој функционира токму во центарот на Старата скопска чаршија и е соодветна установа од која може да има еден претставник кој ќе ги штити барањата, интересите и потребите на албанскиот етникум, имајки предвид дека овој Институт, Нациоанлен совет е составен од различни претставнивци и етнички институции. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓица Ермира Мехмети,повелте.

**Ермира Мехмети:** Благодарам претседателе,

Не сватив што се обиде госпоѓа Кадриу да ни каже кога говореше за безбедноста, но сепак го земам тоа како забелешка и го рпифаќам затоа што тоа е во контекст на сите антипропаганди што се вршат вооднос на општина Чаир и на настојувањето да се претстави оваа општина како небезбеден дел за граѓаните. За жал и вие констатирате дека сте дел од оваа тенденција.

Што се однесува до еснафот, ве уверувам дека еснафите во чаршијата бвиле дел од преговорите и разговорите при изготвувањето на вооj Предлог закон.

Што се однесува до институтот, за жал и вие самата не сте сигурни како се нарекува овој Институт. Некогаш го нарекувате Институт за духновно богатство, некогаш за наследство, некогаш за албанологија. Тоа покажува дека сте направиле лош институционален избор и не знаете кој е статусот на истиот, така што мислам дека не држи вашата забелешка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со тоа завршивме со реплики и контрареплики.

Има збор пратеникот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шабевски:** Благодарам господине претседателе

Можам да дискутирам и како претседател на Комисијата за култура и како човек што долго време ја следи или се занимава со културата, со моето огромно задоволство од денешното носење на овој закон.

Прво во својство на известител на Комисијата за култура но и како човек кој долго време ја следи или се занимава со културата, моето огромно задоволство од денешното носење на овој закон.

Прво, во својство на известител на Комисијата за култура ќе ве известам дека Комисијата едногласно ја подржа и потребата од носење и самиот текст на Предлогот на закон и му препорачувам на Собранието истиот да биде донесен.

Тоа е во оној дел како известител на Комисијата. Сега сакам да кажам нешто повеќе лично зашто навистина сметам дека ова е нешто исклучително вреден и исклучително добар закон, не само од причина што е прв ваков закон, туку што да ве замолам сите да се сетите во еден момент кога ќе ве праша човек за симболите на Скопје, веројојатно само две три работи ви паѓаат на памет. Покрај камениот мост и скопското Кале тука сигурно и без исклучок ќе ја спомнете и старата скопска чаршија. И не е така за џабе тоа, затоа што старата скопска чаршија е практично епиценатар на сите збиднувања во Скопје, да речеме до последниве 20-тина години. Сите најважни настани во овој град имале токму во чаршијата. Имајќи предвид дека била на некој начин и се уште е, бидејќи сите кога ќе кажат ќе помислиме на Скопје како еден од симболите си ја спомнуваме Старата скопска чаршија, веројатно со секојдневното темпо и начин на живеење и особено во последните две децении заради приликите во кои што Република Македонија се наоѓа во голема мерка чаршијата е девастирана или почнува да го губи значењето но, и изгледот кој што ја прави симбол на градот Скопје. Од тие причини невистина можам да им честитам на Министерство за култура и на сите кои што учествуваа во изготвувањето на овој закон затоа што конечно за старата скопска чаршија сега можеме да зборуваме пред и по донесувањето на овој закон, особено земајќи предвид јадрото на чаршијата како и контактните зони во многу нешта. Сега ќе имаме една конзервирана состојба и ќе ја сочуваме чаршијата, сеуште препознатлива како симбол на градот Скопје. Јас можам да се согласам со дискусиите на сите колеги кои пред мене дискутираа дека има одредени работи, незнам дали можеби советот требало да членува оваа институција или онаа институција, јас морам да го кажамандман моето лично мислење дека сум прилично убеден дека ова што е предложено во законот е најдоброто решение бидејќи беше плод на еден подолг дијалог, на една подолга дискусија за тоа кој се треба да членува во Националниот совет и со самото тоа имајќи предвид дека е плод на една прилично долга дебата и компромис и мислам дека во многу нешта ќе ја користи имплементацијата и спроведувањето на овој закон. Јас напротив ова не го гледам како слабост, на крајот на краиштата ако е слабост ќе се покаже во текот на времето и се разбира дека ќе можеме да го корегираме, но во овој момент јас

токму составот на Националниот совет го гледам како сериозна предност на овој закон кој што во многу нешта ќе помогне да се имплементира истиот. Се согласувам дека можеби треба еврејската заедница, треба градот Скопје, но затоа можеме да дебатираме во некоја идна прилика во која ќе видиме како практично ова што сега го имаме ќе се имплементира.

Исто така можам да кажамандман дека задоволството е големо заради тоа што ова е практично прв закон кој што третира едно цело јадро, цело градско јадро, кое што е симболика на еден град, симболика на нашата држава која што го заштитува неговиот космоплитизам, духот на Скопје, духот на мултиетничката Македонија итн., но исто така ова веројатано како работа дополнително на Министерство за култура е тоа што практично вакви и слични закони треба да следат уште. Треба да следи ваков закон веројатно односно сигурно за градот Охрид, стариот дел од градот Охрид, за Битола, стариот дел на Битола и уште многу места кои што можеби во моментов не можат да ни текнат, но за кои што верувам, убеден сум и знам дека Министерство за култура се води прилично прецизна евиденција. Од овие причини, почитувани колеги, и пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, се разбира јас лично ќе го подржиме овој закон ваков каков што е и морам уште еднаш да го изразам моето лично задоволство од тоа што денеска ќе го изгласаме овој закон како прв претпоставувам од серијата вакви закони кои што треба да ги усвојува Собранието. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Честоева Весна, повелете.

**Весна Честоева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке за култура.

Сакам да го поздравам донесувањето на овој закон за прогласување на старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење од причина што со ова законско решение ќе се официјализира статусот на старата скопска чаршија, нејзината категоризација односно степенот на значењето на културното наследство во јавен интерес во функција на пропишување на соодветен режим на заштита, како и утврдување на приоритетите на заштитата, разграничувањето на надлежностите и примената на ратификуваните меѓународни договори.

Овој закон што денес треба да го донесе ќе ги редефинира и границите на чаршијата како заштитна споменичка целина вклучувајќи го определувањето на нејзините контактни зони кои досега ги немаше.

Со ова законско решение во член 10 предвидено е и формирање на национален совет за ревитализација на старата скопска чаршија, со кое поефикасно би се ревитализирале сите заеднички иницијативи, проекти за заштита, уредување, користење на ревитализација на старата скопска чаршија, а кое би го сочинувале освен истакнати членови од областа на културното наследство и сродните области, туку би влегле и претставници од верските заедници од општините Центар и Чаир, каде што е лоцирана чаршијата и други релевантни институции кои се поврзани со овој проект.

Почитувани пратеници имајќи во предвид дека станува збор за споменик на културата од 15 до 20 век, кој е лоциран врз урбана структура од 11 век, оваа спомничка целина со донесувањето на овој закон ќе обезбеди повисок степен на индивидуализација на овој споменик. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири**: Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке за култура.

Мислам дека беше крајно време да дојдеме до заокружување на еден законски проект со што ќе се дефинираат начелата и принципите и институцуионалните односи на државата паралелно со чаршијата во нејзиното одржување како културно историско наследство и една придобивка за Република Македонија .

Чаршијата претставува, како што спомна и мојата колешка Ермира Мехмети претставува еден микс, или условно речено едно испреплетување или една симбиоза на разни култури.

Овде се споменува на пример од 11 век почнува создавањето на една населба како што е чаршијата, а јас би рекол уште од порано. Би рекол уште од античко време, уште од крајот на 2 милениум кога се прават преселбите на индоевропските народи. Продложението ни е во следниот век. Секој народ поминувајќи не само низ Македонија, туку и низ чаршијата има оставено цивилизациски и културни впечатоци. Продолжува периодот на подолго траење, посебно од 15 век односно хронолошки ако појдеме по падот на Скопје под Турска империја почнува концентрацијата на културата, традицијата по разни обичаи кои беа вградени од тогашната култура на Империјата која остана како културно ориентално наследство на секој граѓанин во Република Македонија.

Мислам дека овие симбиози,ова испреплетување на култури, цивилизации претставува една објективна реалност на едно мулти културно општество како што е Република Македонија со што треба да се поздрави дека институциите на Република Македонија почнувајќи од Министерство за култура, нормално подржано и од Владата и од Парламентот му кажува не секој граѓанин, како што рече Ермира со европски елементи дека Македонија знае да ги почитува и другите култури освен културното наследство во однос на Христијанството, но дава значење и на културите во однос на Ориентален со Исламски елементи. Но не е целосно Исламска бидејќи во

составот на старата чаршија ја имаме Црквата Св.Спас, која и ден денес е внатре во рамките, или границите старата скопска чаршија. Не случајно овде како два субјекти се општина Центар и општина Чаир кои учествуваат во Националниот совет кој го формира Владата. Не случајно, почитувајќи го Законот за локална самоуправа нормално секој чекор кој ќе се преземе и од Заводот за конзервација, и од ДУП ќе дојдат до едно разбирање, или дискусија со заводите кои се непосредно со културното наследство да не се урне културниот идентитет на старата скопска чаршија со што може да се интервенира во урбанистичкиот план на идентификацијата или на личната карта на старата скопска чаршија. Значи се говори за клучни елементи. Јас можам да го генерализирам или да го ставам во групата на тие културни наследства кои имаат долг живот како секои други археолошки откритија кои имаат карактер на културно наследство, кој опстанува од 15 век до ден денес. Значи над 500 години опстојува оваа чаршија. Ова го кажува тоа што го реков и претходно за значењето и културата на граѓаните на Скопје, но и пошироко. Мислам дека целта на овој закон е еднаш за секогаш да има една постојана заштита како стара чаршија, како национално, историско и археолошко наследство. Целта е, го спомнаа и претходните дискутанти, е занемарена оваа чаршија од 1990 година до денес. Можеби и доцниме, без оглед за која Влада се говори од 1990 година па до ден денес никогаш не е доцна да се преземат конкретни чекори.

Се спомна и безбедноста. Можеби имаше и тенденциозни елементи во однос старата скопска чаршија, но целта е со ревитализација на старата чаршија, со враќањето на животот во старата чаршија, кој го спомна госпоѓа Поповска можеби треба да вратиме неколку моменти и елементи од минатото во секојдневниот деншен живот. Движењето на луѓето да биде не само до 19 часот. Да има проток и по тоа време, до 22, до 23 часот. Ова се прави со економски елементи од развојот на чаршијата. Треба да ги сочуваме по можност, ако не да ги вратиме сите дејности, занаетчиски дејности. Старата чаршија денес е поплавена со други модерни економски дејности, што значи дека клучните карактеристики чаршијата ги има изгубено во однос на занаетчиството. Многу држави во светот имаат желба да ја имаат старата чаршија како што ја имаме ние. Со ова треба да се гордее и Македонија и посебно главниот град. Испреплетување, како што рече Ермира не е ексклузивно право ниту на албанците ниту на македонците, ниту на турците , ниту на никој друг. Тоа е ексклузивно наследство на секој граѓанин на Република Македонија.

Мило ми е кога се споменуваат некои сегменти, елементи во неколку членови во законот дека секое институционално интервенирање од централната власт од Заводот за конзервација, чекорите кои се преземаат да се консултираат или да биде во линија со општина Центар и општина Чаир, но исто така и општината Чаир заедно со општината Центар во делот на својата територија секое изменување на ДУП треба да биде во непосредни контакти со Заводот за конзервација и ревитализација. Со ова укажувам на соработка на централната власт со локалната самоуправа, што значи фунционирањето или линијата на двата субјекти кои се грижат за одржувањето на старата чаршија. Мислам дека е смел исчекор, ова е доблесен чекор дека со години се труди да се успее целта, но ништо во светот нема идеално. Можеби и овој закон не е совршен 100%, но во зависност од времето нормално се може да се менува, бидејќи ниту еден закон не е ниту Библија, ниту Куран. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров**: Благодарам почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерство за култура, почитувани колеги,

Во низата вдахновени дискусии на моите колеги добив провокација да се присетам на една едновековна мисла многу силна и многу битна. Вели:” во град кога сакаш, но од град кога ќе те пуштат”, или преведено на еден денешен наш дискурс во контекст на старата скопска чаршија, во чаршија кога сакаш, но од чаршија кога ќе те пушта. Зошто го кажувам ова. Старата скопска чаршија не е магија или заеднички времеплов само на граѓаните на Скопје, чаршијата ги плени сите луѓе од внатрешноста. Јас сум еден од оние љубители на старата скопска чаршија затоа што ме има освоено како дете и секој слободен момент заедно со еден куп странци кој што се најревносни посетители на старата скопска чаршија често се наоѓамандман на нејзините плочници, на нејзината калдрма и навистина ја љубам и од тие причини се вклучувам во денешната дискусија по повод овој закон. иклучитално важна материја ни стугнува од Министерство за култура и моите комплименти за иклучително чистиот и добро осмислен текст, во кој што секој збор води навистина содржаинска смисла со содржината која што денес ја третираме.

Сакам да нагласам неколку аспекти од законската материја која што денес ја имаме на дневен ред како што моите колеги и претходните дискутанти не ја спомнаа. Тоа се два многу битни критериуми кои што ги има во образложението на законот, а кои што се однесуваат на уште две-три цивилизациски придобивки, слични кои што се, законски нормирани да кажеме во законите на Босна и Херцеговина се заштита на Баш чаршијата или со законите во Република Хрватска со Законот за заштита на градот Дубровник. Тоа се документираноста и повторливоста, како два битни критериуми кои што старата скопска чаршија и го даваат титуларот да биде навистина

посебно и специјално заштитена од доменот на културата.

Што е она што исто така посебно сакам да истакнам. Република Македонија не е приклучена кон две конвенции кои што сметам дека се многу битни, а самата законска материја која што денес ја имаме на нашите работни маси кореспондира извонредно со две конвенции кои што сеуште чекаат ратификација од нашата земја. Тоа е Конвенцијата за заштита на вредностите на културното наследство, таканаречената Фаро конвеција и една Конвеција која што во Стразбур која согласно вообичаената бирократска процедура за европската пракса чека веќе неколку години за усвојување, а тоа е Конвецијата за заштита на старите традиционални занаети.

Овие две конвенции иако законодавецот ги нема предвидено, извонредно добро се антиципирани во оваа законска материја која денеска ја имаме на дневен ред и ќе ви покажам зошто читајќи само неколку суштински членови од овие две конвенции кои сметам дека се однесуваат токму на оваа материја.

Фаро конвенцијата од 2005 година меѓу целите кои ги поставува во вреднувањето на културното наследство вели дека оваа Конвенција ќе треба да достигне повисоки степени на синергија или соработка помеѓу институциите од јавната и тоа на сите нивоа на децентрализираност и приватната сфера.

Членот 3, вредностите на ова културно наследство меѓу кои е нашата Стара скопска чаршија е да биде заеднички извор на сеќавање, разбирање, идентитет, кохезија и творештво.

Членот 7, да се развива свест за културно наследство како ресурс кој го олеснува мирољубивиот соживот поттикнувајќи ја довербата и взаемното разбирање со цел решавање и спречување на конфликтите.

Членот 8, јакнење на социјалната кохезија со постигнување и подигање на свеста за заедничката одговорност, потенцирам заедничката одговорност на сите нивоа за просторот во кој живееме.

Членот 9, кој ја подразбира одржливоста, а кои одредби веќе ги имаме во оваа законска материја, само ќе спомнам на еден кој сметам дека е извонредно важен, а тоа е поттикнување за користење на материјали, техники и вештини втемелени на традицијата, на градителската традиција.

Членот 10, го вклучува стопанскиот потенцијал на културното наследство или неговите предности во делот што го викаме развој на туризмот, заштита на еколошката сфера итн.итн.

Ја спомнав и конвенцијата која е во подготовка и сакам Република Македонија навистина со најголемо внимание да се вклучи во протежирањето на оваа конвенција за заштита на старите и традиционални занаети. Сметам дека компаративната предност на нашата чаршија токму како што се сличните такви и во другите земји, меѓутоа и во нашата земја. Почитуваниот колега Шамбевски ја спомна Битола, би го спомнал Прилеп, мојата Гевгелиска чаршија ги содржи истите елементи, Охридската чаршија итн. Секое место си има своја срцевина, своја порта каде потекнувале сите убавини. Ние сме наследници на предци кои на некој начин низ генерации опстојувале развивајќи или одржувајќи се низ одреден занает.

Потенцирам два битни моменти и сакам Министерството за култура да биде внимателно во третирањето на овие два елемента, а тоа се интердисциплинарното третирање на оваа материја, значи на културното наследство воопшто, но и наследството од посебен или специјален карактер и уште еден сегмент, а тоа е релацијата меѓу културното наследството и информатичкото општество.

Зошто го кажувам ова? Ќе ја искористам оваа прилика зборувајќи за овој закон за одредена иницијатива што сметам дека ажурните вработени во Министерството за култура ќе ги испровоцира, бидејќи барем до сега така работеа. Постои европска мрежа за наследство со кратенка ХЕРЕИН, тоа е информатички состав инициран од Советот на Европа во 1999 година со неограничено време на траење во кое земјите членки, сите потписнички на Европската конвенција за култура од Париз 1954 година, а потписнички се скоро сите наши соседни земји и Хрватска и Словенија и Романија и Бугарија. Со тоа заедничко вмрежување вршат промоција на своето културно наследство.

Старата скопска чаршија е парадигма, пример кој може да се презентира, рекламира и да ја презентира Република Македонија на најдобар можен начин токму во оваа европска мрежа за наследство која постои од 1999 година.

Во целиот комплет на пофалби на овој закон, една мала забелешка до Министерството за култура, на нивната веб страница постои една мала иконка која гласи: "Стара скопска чаршија", се обидов да ја отворам, но ми покажа дека повеќе не е актуелна или не постои.

Јас би сакал министерката и луѓето кои ја ажурираат таа страница да направат редизајн или да најдат нови содржини на оваа вредна веб страница.

Јас ви благодарам и уште еднаш честитки за извонредно добрата законска материја што денеска ја имаме на дневен ред.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е јавена госпоѓа Елизабета Канческа Милевска, министер за култура, повелете.

**Елизабета Канческа Милевска:** Благодарам претседателе.

Сакам да потенцирам дека ме радува фактот што сепак Законот за Старата скопска чаршија кој претставува прв закон како акт за заштита е

позитивно прифатен од страна на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Во таа насока сакам да потенцирам дека во Законот јасно и прецизно се дадени сите елементи кои треба да ги има еден акт за заштита, согласно европските и светските стандарди.

Исто така дадена е можност преку Програмата за ревитализацијата Старата скопска чаршија не само да биде културно наследство од особено значење, туку да служи културното наследство да се користи за активен живот во него и како фактор за одржлив развој.

Во контекст на програмата која ја спомна почитуваната пратеничка Роза Топузова-Каревска сакам да пренесам дека програмата која е донесена воопшто не финализирала со акт за заштита и воопшто не била во коресподенција со Законот за заштита на културното наследство и од тие причини инспекцијата во Министерството за култура која континуирано презема чекори во таа насока и досега има поднесено 15 прекршочни пријави истите од тие причини не можеле до сега да се процесуираат и да се извршат до крај.

Исто така сакам да укажам и на режимот за заштита на Старата скопска чаршија така што самиот режим кој е даден во законот е во согласност со категоријата на заштитеното подрачје на Старата скопска чаршија како културно наследство од особено значење, поткатегорија културно наследство од големо значење притоа во законот е утврден еден режим на заштита, построг режим за споменичка целина Стара скопска чаршија и друг соодветен режим на заштита во контактните зони кои можат да се видат во членот 8 кои спаѓаат во рамките на заштитеното подрачје.

Ваквиот принцип на заштита е во согласност и научно оправдан и е во согласност со европските принципи на заштита според кои културното наследство се користи за активен живот, како што претходно напоменав во него и како фактор за одржлив развој.

Што се однесува до Националниот совет, навистина е водено сметка во однос на сите претставници кои се вклучени, бидејќи сепак Националниот совет не е некое затворено тело, сепак оваа програма претходно може да се разгледа и да се добијат мислења од стручни кои сакаат да дадат придонес во оваа програма и во таа насока сакам да потенцирам дека заштитеното јадро на Старата скопска чаршија како заштитено јадро се простира 7/8 на територијата на општина Чаир, а 1/8 на територијата на општина Центар.

Националниот совет за Старата скопска чаршија е составен од претставници кои имаат интерес во однос на управувањето и користењето на Старата скопска чаршија и тоа Јавното претпријатие за станбен и деловен простор на Република Македонија како имател на имот во државна сопственост, Здружението на занаетчиите Чаир како претставници на иматели на имот во приватна сопственост, општините Чаир и Центар на нивните подрачја се наоѓа споменичката целина Старата скопска чаршија и националните установи. Тоа се две посебни установи, тоа е Национален конзерваторски центар и Националната установа - Конзерваторски центар - Скопје. Тие се две посебни национални установи кои по основ на овие имаат надлежности да преземат мерки за заштита на културното наследсво. Се разбира и Управата за заштита на културното наследство. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Имер Алиу и госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

Повелете господине Алиу.

**Имер Алиу:** Ви благодарам господине претседател.

Од репликата на колешката Флора Кадриу остана едно неодговорено прашање зошто член од Институтот за културолошко и духовно наследство на Албанците во Македонија член во овој Совет затоа што токму оваа установа или институт е најповиката од еден посебен аспект се грижи за Старата скопска чаршија. Барам од госпоѓата министер за култура да ми одговори зошто на таа листа на институции или установи од кои е предвидено да има претставници во овој Совет не е и овој институт.

За да не ви ја нарушам идилата која се создаде за овој закон, за која идила сметам дека е лажна затоа што ова е минимумот со кој се настојува да се уреди оваа област. Но, без сомнение, ова е сепак почеток, ДПА ќе го поддржи овој Предлог закон, меѓутоа, иако имаме многу забелешки, но од неможност од причини што се познати во јавноста, заради нашето неучество во работата на Парламентот, не бевме во состојба да интервенираме амандмански. Без сомнение сепак е ова почеток, имаме сознанија и за тоа дека овој закон се подготвува подолго време, токму поради тоа цениме дека треба да биде поддржан.

Уште еднаш барам одговор од госпоѓата министер затоа што нема член односно претставник од Институтот за културно и духовно наследство на Албанците во Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика од госпоѓа Елизабета Канческа Милевска, министер за култура, повелете.

**Елизабета Канческа Милевска:** Да, сакам да му одговорам на почитуваниот пратеник дека Националниот совет има еден претставник од редот на истакнати поединци од областа на заштитата на културното наследство и сродните области. Мислам дека ќе се вклучат и некои претставници од Институтот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувана министерке за култура.

Навистина немаше човек кој во оваа сала не даде поддршка, оние што се јавија, се надевам и оние што не се јавија даваат поддршка. Искажавме многу сентименталности во однос на Старата скопска чаршија и навистина тоа е реално. Јас се надевам дека тоа беа реални чувства кои ги имаат колегите пратеници.

Меѓутоа, ми останавте должни за неколку одговори, но еве нема повторно да се навраќам на сите, само ме интересира дали законот кој се предлага ги опфаќа измените кои се настанати во периодот од 2006 година до денес пред се во заштитното јадро, а и во контактните зони и дали со тоа не се врши нивна легализација.

Да бидеме искрени, за волја на вистината, од 2006 до сега членот 7 малку се почитува, без разлика дали имате поднесено барање до инспекциските служби, но во тоа време знаеме дека се менуваше уличната мрежа, не се почитуваше големина на блоковите, парцелите кои требаше да бидат, се градеа и внесуваа индустриски и слични капацитети. Исто и тие придонесуваат за загадување на Старата скопска чаршија, а се подигаа меморијални споменици и спомен обележја што не се поврзани со настанувањето и развојот на Старата скопска чаршија.

Апсолутно, да не бидам погрешно сватена, зборуваме за член од овој закон што го има, што со сите настанати состојби, дали тие состојби ќе се легализираат, мислам на градбите, или ќе се обидеме колку-толку односно ќе се обидете колку-толку да ја вратите автентичноста на Старата скопска чаршија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Пратеничката група на СДСМ впрочем како и нејзините членови во матичното тело ќе ја поддржат потребата од донесување на Законот за заштита на Старата скопска чаршија, секако подоцна ќе гласаат за негово донесување.

Сметаме дека со овој закон се врши заштита или поточно речено овој закон претставува правна и институционална рамка за заштита на еден значаен споменик од областа на културата во Република Македонија кој со својата автентичност секако е значаен за државата, пред се ја одразува мултиетничноста на Република Македонија во многу области како што е архитектурата, етнологијата, традицијата итн.

Она што би сакала во оваа пригода да го кажам е дека како што Скопје има свое срце, а тоа е Старата скопска чаршија повеќето градови во Република Македонија си имаат свои стари чаршии вклучително и градот од каде доаѓам Струмица, тука ќе го спомнам Прилеп, Битола и мислам дека по примерот на овој проект треба постепено ова Собрание да донесува вакви закони со кои ќе го чуваме срцето и душата не само на градовите, туку и на нашата традиција. Не само во градовите, во Република Македонија секако имаме и многу населби или рурални подрачја, да кажам села кои со својата градба или со својата архитектура секако се одликуваат и би требало во оваа насока да делуваме.

На крајот останува само да кажам дека поддржувајќи го овој закон не значи дека сме ја постигнале целта, бидејќи сите го поддржавме. Целта ќе биде постигната доколку добиеме позитивни сигнали, позитивни извештаи околу имплементацијата на овој закон за која секако од ова позиција ветувам дека ќе се грижиме и ќе бараме постојани извештаи од министерката и ресорното Министерство за имплементација на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас го сензибилизирам случајот на овој закон кој е пред нас преку реплика, се разбира, треба да се поздрави одлуката на ДПА за поддршката на овој закон, но, за жал, можеа да го подготват, овој закон беше катастрофален од нивна страна, тоа е прво.

Второ, ....

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, се јавувате за реплика на излагањето на госпоѓа Цветанка Иванова? Ве молам задржете се на тоа инаку ќе треба да го применам Деловникот.

**Сафет Незири:** Мислам дека сите забелешки од претходните говорници ДУИ ја постигна целта, навистина, со сите релевантни институции да ја постигне целта законот да биде совршен. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена ....

Ако се јавувате за процедурално во ред, инаку немате на што контра реплика. Тој имаше реплика на излагањето на госпоѓа Цветанка Иванова.

Ве молам господине Алиу дали имате процедурално?

Процедурално господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Во ред, нема да биде баш така процедурално, но како и да е мислам дека можам да се повикам и на процедурално затоа што претходно господинот кој зборуваше даде реплика на мојата реплика така што пред него говорник беше другата колешка пратеник и мислам дека и јас тука ќе ја прекршам на тој начин процедурата.

Како и да е, мислам дека пратеникот продава на празно, јас не се сомневам ...

**Трајко Вељаноски:** Господине Алиу ве молам, бевте опоменати од моја страна и не би требало на тој начин.

Господинот Тахир Хани е пријавен процедурално?

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Мислам дека мојата интервенција е навистина процедурална, од причина што вие претходно требаше да го спречите односно да ја спречите интервенцијата на пратеникот, ако тој навистина не го поддржува Деловникот. Мислам дека се направи грешка што му се даде збор на пратеник кој немаше процедурална забелешка, туку имаше само забелешка во однос на еден пратеник. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Беше опомена и претходниот пратеник и не би требало тука да има нешто.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од нив за гласале 64 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандмани за менување на член 10 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 10 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска под архивски број 07-4004/2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерката за култура, повелете.

**Елизабета Канческа Митевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јави госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе.

Иако почитуваната министерка не не удостои со одговор на прашањата, иако една од нив и повтори, јас тоа нема да го сфатам како игнорирање и непочитување на функцијата пратеник, туку ќе го сфатам како потврда на она што го говорев дека се планира да се легализира дивоградбите од 2006 година па наваму настанати во јадрото на Старата чаршија и контактните зони.

Би сакала по амандманот да кажам дека овде имаше забелешки и од други колеги во однос на Националниот совет за ревитализација на Старата скопска чаршија. Јас исто имав забелешка во таа насока. Сметам дека некој од претставниците што овде се предвидени, на пример еден претставник од Националната установа Национален конзерваторски центар, претставник од Националната установа Конзерваторски центар Скопје и Управата за заштита на културното наследство, тие по правило би требало да бидат вклучени во целата оваа имплементација на законот и реализацијата.

Затоа сметам дека можеби ќе биде посоодветна, како што беше и во Координативното тело да биде вклучен по еден претставник од министерствата што се надлежни, што ќе имаат голема улога при имплементација на самиот закон.

Предлагам, покрај еден претставник од редот на истакнати поединци од областа на заштитата на културното наследтво и сродните области, јас не знам кој ќе биде овде, иако имавме едно мало прејудицирање, јаз добив впечаток дека веќе се знае од каде ќе биде тој претставник, предлагам да има еден претставник од Министерството за транспорт и врски, еден претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање и еден претставник од Агенцијата за катастар на недвижности.

Останатите се оние што ги имаат предложено во членот 10, во самиот закон. Но, сметам дека е добро да биде прифатен овој амандман и да можеме да имаме еден состав во Националниот совет што ќе има повеќе ингеренции и повеќе ќе може да помогне во реализација и имплементација на законот. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од нив за амандманмот гласале 6 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 10 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска под архивски број 07-4004/2.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 10 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска под архивски број 07-4004/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерката за култура, повелете.

**Елизабета Канческа Митевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јави госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе.

Полчитувани колеги пратеници, почитувана министерке за култура, навистина сум изненадена од игнорантскиот однос на пратениците од ВМРО ДПМНЕ и парламентарното мнозинство кон Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање. Не знам што тие имаат проитив претставници од овие министерства да бидат вклучени во Националниот совет.

Но, најверојатно за тоа ќе одговараат самите пред партиските органи.

За да не ги доведувам во ситуација уште еднаш да гласаат против овие министерства, односно претставници од овие министерства, јас го повлекувам амандманот. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам за колегијалноста од ваша страна.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се јават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство на присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови на присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од нив за предлогот на законот гласале 64 пратеници, воздржани нема, еден гласал против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 13 пратеници, сите 13 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено наследство.

**Минуваме на точката 19. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавија Весна Бендевска и заменик министерот за финансии.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Недим Рамизи:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници,

Во врска со измените што ги предлагаме на Законот за Македонска банка за поддршка на развојот, накратко би сакал да се осврнам на оние измени што ние ги предлагаме, пред се врз основа на измените што настанаа на Законот за банките во 2007 година.

Од таму произлезе една обврска да банките се обврзани да формираат надзорен одбор во чиј состав ќе имаат независни членови, за чие именување задолжително се бара претходна согласност од гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Токму во насока на ова, сметаме дека оваа одредба е нелогична и неприменлива во однос на Македонска банка за поддршка на развојот, пред се од причина што Македонска банка за поддршка на развојот е во сопственот на државата. Членовите на надзорниот одбор ги предлага Владата, така што сметаме дека е неприменлива оваа одредба по однос на овие членови. Членовите да не подлежат на претходно одобрение или претходна согласност од гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Понтаму, во однос на изложеност на банката кон поединечни субјекти, за што исто така е потребна одлука на Надзорниот одбор, предлагаме прагот да биде 50% од причина што Македонска банка за поддршка на развојот се изложува кон деловните банки, а не кон физички лица и правни лица, со што ризикот од концентарција на изложеноста е далеку помала од онаа на деловните банки.

Заради јакнење на развојната функција и компонента на Македонска банка за поддршка на

развојот, што пред се подразбира вршење на активности и преземање на ризици за што други субјекти на пазарот во моментов не се подготвени да преземаат такви ризици, се предлага активностите на банката да се прошират и во делот на осигурување на домашните побарувања од комерцијални ризици.

Така што, со ваквото осигурување на домашните побарувања, а и со прифаќање на полисата за осигурување од страна на деловните банки, на домашните компании им се овозможува полесен пристап до обртен капитал, а тоа директно влијае на нивнит развој.

Во делот каде што е обврската за издвојување на задолжителна резерва, предлагаме оваа обврска да се изземе за Македонска банка за поддршка на развојот, бидејќи изворите на средства на Македонска банка за поддршка на развојот два пати се оптоваруваат со ваква изложеност, односно со обврска за издвојување на задолжителна резерва. Еднаш, Македонска банка за поддршка на развојот врши задолжителна резерва, вториот пат од страна на комерцијалните банки се издвојува задолжителна резерва за пласманите од средствата на Македонска банка за поддршка на развојот. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи госпоѓа Светлана Јакимовска потпретседател на Собранието на Република Македонија)

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор пратеник Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Бидејќи во мај 2007 година, Собранието на Република Македонија го донесе новиот закон за банки, јас ќе се обидам дека краткото експозџе од страна на заменикот министерт за финансии е апсолутно спротивно на одредбите од Законот за банки и тоа во четири сегменти најмалку.

Ако во 2007 година, го донесовме Законот за банки каде што се уредуваат надлежностите на сите банки во Република Македонија, вие тука сте навеле како предлагач дека Законот за основање Македонска банка треба да се усогласи со одредбите на Законот за банки. Вие со овој Предлог за изменување и дополнување го правите апсолутно спротивното.

Целта е сосема поинаква. Бидејќи не може да ви помине незабележително фактот кога наведувате дека Македонска банка за поддршка на развојот не може да биде под Законот за банки, бидејќи била во државна сопственост. Па, господине заменик министер и Народната банка е во државна сопственост. Народната банка на Република Македонија е централна банка и единствена емисиона банка во Република Македонија. И тоа е институција.

Обидот да ги одземете ингеренциите од институцијата Гувернер на Народна банка, апсолутно го правите на многу провиден начин. Да потсетам, согласно Законот за Народна банка, институцијата Гувернер на Народна банка го бира Собранието на Република Македонија, на предлог на претседателот на државата, на Република Македонија. Провиден е вашиот обид со назнака дека Македонска банка за поддршка на развојот е во државна сопственост и затоа ингеренции треба да има Владата. Оти, по таа логика утре ќе ни поднесете предлог за изменување на Законот за Народна банка, па ќе кажете дека е во државна сопственост, па ќе треба гувернерот да го бира Никола Груевски. И, апсолутно тука вашите тези паѓаат во вода.

Но, ќе продолжам и со другите три спротиставени тези кои вие се обидувате да ги протнете. Не е така се едноставно како што сакате да кажете.

Значи, Законот за банки кој е основа за промена на Законот за Македонска банка за подршка на развојот вели дека со Законот за банки, банките се обврзни да формираат надзорен одбор. Тоа е уредено со членот 88 од Законот за банки каде што директно упатува на тоа дека членовите на надзорниот одбор мора да бидат независни членови. Сега вие ни нудите усогласување со овој закон каде што директно кажувате дека во Надзорниот одбор на банката не се именуваат независни членови. Овој закон ќе ви падне пред Уставен суд како круша. Обидот да не е потребна согласност за именување на членови на Надзорниот одбор на Македонската банка за подршка на развојот од страна на гувернерот е сосема спротивна на законот и ќе цитирам: “една од надлежностите на гувернерот на Народна банка е да дава согласност за членовите на управните и надзорните одбори во банките”. Каде што подлежи и Македонската банка за подршка на развојот. Како ова ќе го правдате и на кој начин ќе го донесете овој Закон, апсолутно, останува вон границите на можното објаснување.

Понатаму велите во своето образложение дека согласно новиот Закон за банки, Надзорниот одбор одобрува изложеност од над 10% кон поединечно лице. И тоа е така. Ама вие предлагате Надзорниот одбор на Македонската банка да одобрува изложеност према оделна банка од над 50% од гарантниот капитал на банката, што е во апсолутна колизија со членовите 71 и 72 од Законот за банки. Членот 72 од Законот за банки е јасен и дециден. И вели, цитирам: “голема изложеност изнесува еднакво или повисоко 10% од сопствените средства”. Пет пати дозволувате Македонската банка за подршка на развојот да се впушти во големи изложености.

Господине министер објаснете што мислите да претворите од Македонската банка за подршка на развојот. Велите дека е логично бидејќи не ја изедначувате со деловните банки дека согласно членот 6 што го нудите, средствата на Македонката банка за подршка на развој се иземаат од обврска на задолжителна резерва. Кој ќе го сноси ризикот што ќе биде превземен на овој начин. Нели е во државна сопственост. Нели согласно одредбите на Законот за банки. Затоа

Народната банка врши ревизија, супер ревизија и контрола врз сите банки на територијата на Република Македонија. Владата ќе ги превземе тие ингеренции за контролен механизам на Македонката банка за подршка на развој? Претпоставувам дека нема да добиеме, како што и досега не сме добиле одговори на многу логични прашања. Ќе ве замолам барем да го објасните бришењето на членот 14 од Законот за основање на Македонката банка за подршка на развој. Таму стои дека голем кредит во смисла на овој закон се смета поединечен кредит на еден заемобарател кој изнесува 10% од гарантниот капитал на банката. И тука ли како голема задолжност ќе се однесува примената на новиот по вас предлог 50% од гарантниот капитал на банката. Вие ќе ја ставите судбината на Македонската банка за подршка на развојот во раце на два субјекти. На едниот 50%, на другиот 50% и потоа ингеренциите на гувернерот за контрола ќе му ги симнете. Членовите на Надзорниот одбор нема да бидат независни, ќе бидат политички зависни. Тоа ли е смислата на понудениот став, каде што велите Надзорниот одбор не се именуваат независни членови. Две негации, значи една потврдна конотација. Во Надзорниот одбор на банката ќе именуваме зависни членови. И убаво пишувате дека во Надзорниот одбор на оваа банка предвидувате да бидат именувани респектабилни професионалци и експерти кои вообичаено се членови на други банки. Е па тие други банки ќе бараат од оваа банка кредити. Не мислите ли дека ќе има конфликт на интереси во тој случај. Гувернерот нема да е задолжен да даде одобрение или да го симне, кој ќе одговара за неизвесната судбина како што вие предвидувате со овие измени на Македонката банка за подршка на развојот. Владата на Република Македонија? Зашто тука велите, нема потенцијална опасност од постоење на конфликт на интереси и неприменливи ви се одредбите на Законот за банките во вашиот случај, бидејќи не биле во можност деловните банки да поднесат големи ризици. Ќе се пуштите во авантура кога ќе ги стимулирате деловните банки да влезат во ризик преку Македонката банка за подршка на развојот. Претпоставував дека ќе го одмолчиме одговорот. Тврдам дека сите колеги па и сателитите ќе гласаат за, судбината ќе дојде пред Уставниот суд, ама нема да биде ни прв ни последен...

(Галама во салата)

**Трајко Вељаноски:** Колешке, се извинувам, колешке не би требало да ги навредуваме пратениците и колегите. Не е добро. Повелете имате уште 57 секунди. Пријавете се, имате уште 57 секунди и би ве молел да употребуваме соодветни зборови, не би смееле така.

**Весна Бендевска:** Господине претседател.

Изложив факти со кои не се согласувам односно барам објаснување. Ако е поинаку барам одговор. Со оглед на тоа што заменик министерот Рамизи не нуди одговор на дебатите, јас се заблагодарив, инаку немав никаква намера да спорам. Само претпоставувам дека и овој Предлог закон глатко ќе помине во ова Собрание. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика за заменикот министер за финанции, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам.

Кратко само во делот на примена во кој што беше споменат во одредбите од Законот за банки. Токму се применуваат овие одредби од Законот за банки према Македонката банка за подршка на развојот доколку знаеме дека Македонката банка за подршка на развојот е основана со закон. Доколку со законот не е определено поинаку во овој закон и во делот на големата изложност што ја спомнавте токму се применуваат одредбите од Законот за банки, 10% затоа се брише. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Значи, Законот за основање на Македонката банка за подршка на развојот претставува како што сте навеле лекс специјалис, но сепак подлежи под одредбите на Законот за банки. И тука нема ништо спорно. Спорно е што вашите понудени измени се косат со одредбите на Законот за банки. Во досегашното решение што беше во сила од мај 2007 до денес кредитната изложеност беше предвидена најмногу до 25% и беше усогласен со Законот за банки. Барам одговор зошто го подигнувате лимитот на 50% бидејќи е апсолутно е во спротивност со одредбите на матичниот закон, а тоа е Законот за банките. Член 6 вели: “одредбите на овој закон се однесуват на сите банки освен ако со специјалните закони поинаку не е уредено”. Не беше поинаку уредено, беше исто уредено. Сега вие се обидувате поинаку да ја уредите таа одредба. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонката банка за подршка на развојот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници. Од нив 50 гласаа за, воздржани 4, против нема никој.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата беа присутни 57 пратеници, со оглед на тоа го поништувам гласањето и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во салата има присутни 61 пратеник можеме да преминеме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 52 пратеника, воздржани 5, против нема никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 51 пратеник, сите 51 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлог на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 став 3 за додавање нов ста 4 по ставот 3.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 3 за додавање нов ста 4 по ставот 3, поднесен од Законодавно-правна комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии. Пријавете се, ве молам.

**Недим Рамизи:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во салата има присутни 60 пратеници.

Ве молиме господине влезете во салата за да гласаме.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници. Од нив за гласаа 51 пратеник, воздржани 3, против нема никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за подршка на развојот.

**Минуваме на точка 20 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа по договор за заем по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија заради потикнување на вработеноста, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија госпоѓа Марку Јулиета и заменикот министер за финансии.

Има збор заменикот министер за финансии.

**Недим Рамизи:** Благодарам.

Претседателе, многу кратко. Ќе напоменам што се овие измени кои што ги предлагаме. Значи, чисто се работи за технички измени во делот на измена на членот 302 од овој закон со кој што администрирањето на заемот се врши од страна на Народна банка на Република Македонија кој што од Министерството за финансии побараа да се изземат, значи администрирањето да се врши во Министерството за финансии. Така што со цел да се отвори немонетарната активност од делокругот на Народна банка на Република Македонија Министерството за финансии го прифати ова барање и прво формално поднесе барање до Банката за развој при Советот на Европа за одобрување на ова преземање. Од страна на Банката на 14.05.2008 година беше одобрено ова администрирање да се врши во склоп на Министерството за финансии.

Исто така предлагаме измени во членот 3 став 3 кои што со амандманот на Владата беа дополнително доставени по овој закон во кој што ќе може Министерството за финансии со посебни договори да ја зголеми бројката, да ја прошири бројката на деловни банки со кои што операционализираниот заем веќе го отплаќаат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Марку Јулиета, повелете.

**Јулиета Марку:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер за финансии, почитувани колеги, јас по оваа точка сакам да додадам тоа што е мал бизнис, значи да објаснам. Тоа е тема на постојани истражувања, претставува област на дадените деловни предизвици. Големата актуелнсот се заснова врз зголемвуањето на бројот на малите претпријатија, можноста за нови вработувања, иницијативите за поддршка на овој вид на бизнис од страна на државата, позитивната клима создадена како резултат на функционирањето на овие мали претпријатија, специфичниот начин на

менаџирање на истите и друго. Основната дефиниција за мал бизнис е дадена од страна на Комитетот за економски развој на Европската унија на кој што дефинитивна цел му е управување во овие мали претпријатија и тоа е независно. Истовремено менаџерите се и сопственици на тие претпријатија, инвестираниот капитал е сопственост на еден поединец, или пак на мала група поединци. Областа на дејствување на малиот бизнис е локална, што значи сопственциите и вработените се од едно место, а пазарите не мора да значи дека се локални. Големината во споредба со индустриските субјекти е релативна, затоа малиот бизнис се основа тогаш кога се исполнуваат токму овие предуслови. Малиот бизнис може да се дефинира како бизнис во кој што сопственоста и менаџментот се независни, бизнис кој што не доминира на територијата каде што делува и не вработува повеќе од 50 вработени. Учеството на пазарот на тоа мало претпријатие не е толку големо за да може да влијае врз цената и понудата и побарувачката. Независно менаџирање значи дека сопственикот сам ја контролира работата на претпријатието и истовремено донесува сам значајни одлуки што се однесува на сопственоста на капиталот. Што значи, капиталот е на еден поединец, или пак на повеќе поединци. Малите претпријатија претставуваат извор за вработување на нови лица, посебно на последните извори во САД, во Канада, Европа. Поголема можност за производство имаат малите претпријатија. Општествената перспектива во придонесот за квлаитетот на животот и економската перспектива се заснова врз значењето на малите претпријатија за стопанисувања во целина во општеството. Затоа малите претпријатија се како извор на нови материјали, на нови процеси, идеи, услуги.

И затоа јас го подржувам овој Предлог закон. И би предложила на моите колеги сите заедно да му дадат зелено светло. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Да констатирам, бидејки е исрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа, по Договорот за заем по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија заради поттикнување на вработеноста.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 57 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Процедурално има господинот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам 10 минути пауза за координација.

**Трајко Вељаноски:** Ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме со работа во 17,45 часот.

(Пауза од 17,32 часот)

(По паузата)

**Трајко Вељаноски:** Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 61 пратеник, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за Предлогот гласаа сите 61, воздржани нема , против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 2 по членот 1 и тој е составен на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлгачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за ззбор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за Предлогот гласаа сите 61, воздржани нема , против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа по договорот за заем по проектот за финансирање на мали и средни претпријатија заради поттикнување на вработеноста.

**Минуваме на точка 21 - Предлог за дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 1 од Амандманот 16 од Уставот на Република

Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за административните такси.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 63, воздржани нема , против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 62, воздржани нема , против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2.

Отварам претрес по амандман на член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи претставникотна Владата.

Го молам претставникотна Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на Предлгот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за ззбор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од Амандманот 16 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 62, воздржани нема , против нема.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 14 пратеници, за нив за Предлогот на законот

За прелдлогот на законот гласаа сите 14 пратеници, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на законот за административните такси.

Со оглед на тоа што не се исполнети условите да преминеме на 22 точка, бидејќи од Владата немаме добиено информации, а исто така и предлагачот е на службено патување, тука ја прекинувам седницата. Седницата ќе биде закажана дополнително, штом се создадат услови за одржување на истата.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)